BALKAN
CIVIL
SOCIETY
DEVELOPMENT
NETWORK

B | T | D The Balkan Trust for Democracy
A PROJECT OF THE GERMAN MARSHALL FUND

Балкански граѓански практики #13









# ИЗВЕШТАЈ ЗА ЕКОНОМСКАТА ВРЕДНОСТ НА НЕПРОФИТНИОТ СЕКОР ВО ЗЕМЈИТЕ ОД

## ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ЕКОНОМСКАТА ВРЕДНОСТ НА НЕПРОФИТНИОТ СЕКТОР ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА**

**Издавач:**
Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачот:**
Александар Кржаловски, прв извршен директор; Димче Митрески, извршен директор

**Автор:**
Дубравка Велат

**Превод од англиски јазик:**
Елизабета Баковска

**Лектура:**
Даниел Медароски

**Дизајн:**
Игор Делов

**Дизајн на корицата:**
Кома лаб

**ИСБН:**
978-608-4681-46-5

**Контакт:**

**Адреса:** ул. „Никола Парапунов“ бр. 41А, п. фах 55, 1060 Скопје

**телефон:** +389/2/3065-381;

**факс:** +389/2/3065-298

**е-пошта:** mcms@mcms.mk;

**веб-страница:** www.mcms.mk

**Scribd:** http://www.scribd.com/mcms.mk

**Slideshare:** http://www.slideshare.net/mcms.mk

**Twitter:** http://twitter.com/mcms.mk

**Facebook:** http://www.facebook.com/mcms.mk

**Наслов на оригиналот:** Report on the economic value of the non-profit sector in the countries of the Western Balkans & Turkey

Оригиналот на оваа публикација е издаден од Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) во рамките на проектот: „Аквис (Acquis) на Балканското граѓанско општество – Јакнење на потенцијалот и капацитетите на ГО зазастапување и лобирање“. Проектот го спроведува (БЦСДН) и нејзините членки во партнерство со Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) и Европската мрежа на национални граѓански организации (ЕННА). Уредник е Тања Хафнер Адеми.

---

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Сите права се задржани. Репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжението.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

Во електронска форма публикацијата е достапна на www.mcms.mk.

Публикацијата е преведена со финансиска поддршка на Европската Унија. Содржината на оваа публикацијата е единствено одговорност на Македонскиот центар за меѓународна соработка и на никаков начин не ги одразуваат гледиштата на Европската Унија.

BALKAN
CIVIL
SOCIETY
DEVELOPMENT
NETWORK

# Извештај за економската вредност на непрофитниот секор во земјите од Западен Балкан и Турција

–

Подготвила:

Дубравка Велат,

Белград, декември 2015

The Balkan Trust for Democracy
A PROJECT OF THE GERMAN MARSHALL FUND

# Содржина


Благодарност 5

Вовед 6

Методологија 8

Споредбена анализа 10

Состојба со собирањето податоци 10

Споредбена табела 12

Заеднички препораки 17

Национални анализи 19

Албанија 20

Босна и Херцеговина 23

Косово 27

Македонија 31

Црна Гора 38

Србија 44

Турција 50

Анекси 60

Анекс 1.
Статистички податоци – Економска вредност на непрофитниот сектор – прв нацрт 60

Анекс 2.
Статистички податоци – Економска вредност на непрофитниот сектор – конечно 61

# Благодарност

Извештајот за економската вредност на непрофитниот секор во земјите на Западен Балкан и Турција го подготви Дубравка Велат со поддршка на извршната канцеларија и членовите на БЦСДН. Особено би сакале да им се заблагодариме на членовите на БЦСДН: Центарот за развој на невладини организации (ЦРНВО) од Црна Гора, Центарот за промоција на граѓанското општество (ЦПЦД) од Босна и Херцеговина, Институтот за демократија и медијација (ИДМ) од Албанија, Косовската фондација за граѓанско општество (КЦСФ) од Косово, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) од Македонија, Граѓански иницијативи од Србија и Фондацијата трет сектор од Турција (ТУСЕВ) за дадените податоци и насоки во подготовката на документот и формулирањето на препораките. Особено би сакале да ѝ се заблагодариме на Дубравка Велат за нејзиниот труд во собирањето и анализирањето на податоците и раководењето на овој процес.

# Вовед

Овој извештај е подготвен како дел од четиригодишниот проект **„Аквис (Acquis) на балканското граѓанско општество - јакнење на потенцијалот и капацитетите на граѓанските организации за застапување и лобирање“**, финансиран од ЕУ во рамките на „Партнерски програми за граѓанските организации“ и кофинансиран од Балканскиот фонд за демократија (БТД). Го спроведува Балканска мрежа за развој на граѓанско општество (БЦСДН) со 11 партнери од ЕУ, од Балканот и од Турција, во периодот 2012-2016.

Овој проект ги постави следните две генерални цели: (1) Зајакнување на основите за набљудување и застапување за прашања поврзани со овозможувачка околина и одржливост на граѓанското општество на регионално и на државно ниво; (2) Зајакнување на структурите за интеграција на ГО и учество во политиките на ЕУ и во процесите на проширување на европско и на државно ниво.

Се очекува да се постигнат повеќе резултати. Особено релевантен за оваа студија е оној поврзан со приоритетот 2: „Владините институции ја препознаваат економската вредност на ГО и подготвуваат клучни стратегии за економска одржливост и одржливост на човечките ресурси“. **Оваа студија произлегува од еден од клучните заклучоци на првиот регионален извештај за Матрицата на следење во 2013 година: „Потребен е добро организиран систем за собирање статистички информации за ГО и за јавна достапност на сите податоци, како и за користење на овие податоци за подготовка на политики за поддршка на растот на секторот“,** кој исто така се наведува во Насоките на ЕУ за поддршка на граѓанското општество во земјите кандидати за членство за периодот од 2014-2020 година.

За да се исполни овој приоритет, во септември 2014 г. започна да се спроведува студијата за **Економската вредност на непрофитниот сектор во земјите на Западен Балкан и Турција,** со подготовката на првиот прашалник за собирање податоци. Првичната идентификација на ваквите податоци во државите почна во октомври 2014 година, а по неа следуваше регионална работилница за проектните партнери од државите, во Белград, Србија, на 3 и 4 ноември 2014 година. Целта на работилницата беше да се подготви план и процес за собирање податоци за сите земји кои учествуваат во оваа студија. Оваа подготвителна работа резултира со собирање податоци од седум земји. Нивната анализа и интерпретација се спроведени од јуни до неомври 2015 година.

Целта на оваа студија е да се овозможи поголема достапност на статистичките податоци за карактеристиките на финансиските и човечките ресурси на граѓанското општество. Една од целите исто така е да се преиспитаат митовите за финансиските параметри и големината на секторот (на пр. годишни буџети, плати, број на вработени) и да се добие подобар увид во секторот и неговото влијание врз развојот на политиките и нивното спроведување. Студијата треба да ја покаже и важноста на секторот за општеството и да ја подигне свеста на државните чинители за потребата од негова поддршка преку државните буџети и други ресурси. На крајот,

се очекува дека владините институции во земјите во прашање ќе ја препознаат економската вредност на ГО и ќе подготват клучни стратегии за економска одржливост и одржливоста на човечките ресурси во граѓанското општество.

Оваа студија за првпат дава преглед на тековната ситуација во однос на собирањето, анализата и презентирањето податоци поврзани со непрофитниот сектор во седумте земји вклучени во студијата: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Црна Гора, Србија и Турција. Таа дава информации за квалитетот и сигурноста на податоците за економското влијание на секторот во овие земји, вклучително и предизвиците со кои ГО се соочуваат при добивањето на релевантни податоци. Понатаму, ова длабинско истражување ги обележува и ги илустрира финансиските капацитети, големината, резултатите и вредноста на секторот наспроти севкупната економија. Тоа ќе придонесе во процесот на легитимирање на непрофитниот сектор и неговите активности во регионот со откривање на неговата позиција во вработувањето и економскиот развој, кој често се запоставува.

Терминот „непрофитен сектор" во оваа студија се однесува на недржавните, доброволни структури во кои луѓето се организираат заради остварување споделени цели и идеали, кои се формално регистрирани и основани како здруженија и фондации според релевантните закони[1]. Во зависност од земјата, правните дефиниции можат да вклучат: спортски, ловни, професионални, религиозни или други видови здруженија. Во овој извештај се користат термините „непрофитен", „непрофитен сектор", „граѓанско општество" и „граѓански сектор".

Студијата е поделена на две основни поглавја: споредбена анализа и анализа по земји. Поглавјето со споредбената анализа дава преглед на заедничките предизвици во собирањето податоци во сите седум земји, клучните економски параметери презентирани во графикони, како и на заедничките препораки за целиот регион.

Поглавјето со анализи по земји дава подетален опис на ситуацијата со собирањето на податоците, предизвиците, препреките, подеталните економски податоци како што ги дава секој партнер, како и конкретни препораки за секоја земја кои имаат за цел да подготват кампањи за застапување за да воведат посистематско и постандардизирано собирање на податоците и нивна достапност.

1 Прифатено од Насоките на Генералниот секретаријат за поддршка на ЕУ за граѓанското општество во земјите за проширување, 2014-2020; http:// www.civilnodrustvo.gov.rs/upload/old_site/2012/10/ELARG-Guidelines-CS-support-Final-14102013.pdf

# Методологија

Во првата фаза на спроведувањето на проектот договорена е стандардизирана методологија. Спроведено е деск истражување за да се добијат информации за методологиите кои веќе се користат за да се презентира „економската страна" на секторот.

Почетна точка беше Прирачникот на ОН за непрофитни институции во системот на национални сметки[2], подготвен од Центарот за студии на граѓанското општество на „Џон Хопкинс" во соработка со Одделот за статистика и на ОН и од меѓународна група технички ескперти, издаден од ОН во 2003 година. Овој прирачник ги повикува националните заводи за статистика да објавуваат редовни „сателитски извештаи" за непрофитните институции и доброволната работа која се врши првпат, како и детални насоки за тоа како таа да се врши. Во март 2013 година, тим автори предводен од Лестер М. Саламон од Универзитетот „Џон Хопкинс" (Центар за студии на граѓанското општество)[3], го објавува документот „Состојбата на глобалното граѓанско општество и доброволната работа – најнови наоди од спроведувањето на Прирачникот на ОН за непрофитни организации" кој е уште еден вреден извор на информации.

Освен ова, се разгледаа и други слични публикации за економската вредност на секторот од земјите на ЕУ за да се добијат информации за клучните релевантни податоци кои се собираат со оваа студија (на пример публикации од Италија[4], од Велика Британија[5] и прирачникот на ИЛО за мерење на волонтерската работа[6]).

## Меѓународни обиди за мерење на економската вредност на граѓанското општество

Природата на финансиите на непрофитниот сектор и расположливите податоци го отежнуваат квантифицирањето на вредноста на секторот за пошироката економија. Во овој момент, најавени се неколку иницијативи и новитетити на ова поле:

- Во 2016 година ќе биде објавен ажуриран **Прирачник на ОН за сателитски сметки;**

2 United Nations Statistics Division, Handbook on Non-Profit Institutions in the System of National Accounts. Series F, No. 91,. St/ESA/Stat/Ser.F/91. (New York: United Nations, 2003). [Во понатамошниот текст цитирана како: UN NPI Handbook, 2003]. Овој документ има ажурирани резултати објавени во 2007 година од првите 8 држави кои го спроведе прирачникот НПИ (Salamon et. al., 2007). Земјите опфатени во овој документ се: Австралија, Белгија, Бразил, Канада, Чешка, Франција, Израел, Јапонија, Киргистан, Мексико, Нов Зеланд, Норвешка, Португалија, Тајланд и САД. САД не подготвија целосен „сателитски извештај" НПИ, но подготвија серија табели со податоци споредбени со оние кои се бараат во сателитските извештаи НПИ.

3 http://ccss.jhu.edu/wp-content/uploads/downloads/2013/04/JHU_Global-Civil-Society-Volunteering_FINAL_3.2013.pdf; authors: Lester M. Salamon, S. Wojciech Sokolowski, Megan A. Haddock, Helen S. Tice

4 http://ec.europa.eu/citizenship/pdf/national_report_it_en.pdf

5 http://data.ncvo.org.uk/a/almanac15/economic-value/

6 http://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---dgreports/---stat/documents/publication/wcms_162119.pdf

- **GuideStar** (http://www.guidestar.org/Home.aspx) е најголемиот извор на информации за непрофитните организации во светот. Тоа е глобален софтверски пакет кој собира и става на располагање податоци за непрофитни организации: мисија, легитимност, влијание, углед, финансии, програми, транспарентност, владеење итн. Сите организации можат да се регистрираат и да ги објавуваат своите извештаи на интернет;

- **Влијание на третиот сектор** (Third Sector Impact)(http://thirdsectorimpact.eu/) е истражувачки проект кој има за цел да го разбере опфатот и големината на третиот сектор во Европа, неговото тековно и потенцијално влијание и бариерите кои го спречуваат третиот сектор целосно да придонесе кон благосостојбата на континентот. Една од областите на овој проект е мерењето. Малку земји редовно собираат систематски емпириски податоци за некој значителен дел на третиот сектор. Оние што го прават тоа користат национални правни дефиниции, па така споредбените студии се тешки. ТСИ предлага статистички алатки за мерење на третиор сектор во Европа, почнувајќи од следниве методолошки претпоставки: мерките на една скала мораат да ги земат предвид посебните карактеристики на третиот сектор, имено, фактот дека голем дел од неговите активности се преземаат заради причини кои се поинакви од едноставна плата. Финансиските мерки не ги исцрпуваат карактеристиките на секторот. Имајќи го предвид прилично флуидниот карактер на секторот и ограничувањата на постоечките извори на податоци, мерките мораат да го вклучат бројот на субјекти исто толку колку и човечките ресурси кои овие организации ги вклучуваат.

Партнерите подготвија и разговараа за една почетна листа на потенцијални податоци (види во Анекс 1) во текот на работилницата во Белград на 3 и 4 ноември 2014 година, откако спроведоа свои сопствени истражувања за достапноста на информациите. Преку еден консултативен процес, тие се договорија да ги ограничат податоците кои ќе се обработуваат, бидејќи претходниот процес откри големо отсуство на податоци во скоро сите држави. За таа цел, подготвен е прашалник со седум клучни податоци, кои вклучуваат: вкупни приходи, структура на расходите, расходи за даноци (ДДВ + персонален данок + добивка), број на вработени и број на волонтери (види во Анекс 2). Се дојде до заклучок дека ова е оптималниот број на податоци кои се собираат како почетна точка, имајќи го на ум проценетото ниво на нивната достапност во сите држави.

Партнерите вклучени во подготовката на студијата се следниве членови на БЦСДН: Институтот за демократија и медијација (Албанија), Центарот за промоција на граѓанското општество (Босна и Херцеговина), Косовската фондација за граѓанско општество (Косово), Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Центарот за развој на невладините организации (Црна Гора), Граѓански иницитаиви (Србија) и ТУСЕВ (Турција).

Методологијата комбинираше директни контакти со партнери во државните инстутуции за обезбедување податоци, како и анализа на постоечките статистички и финансиски податоци достапни кај државните институции (на пр. министерства за финансии/ администрација на даноци, национални регистри, заводи за статистика, пензиски фондови и други). Анализата на секундарните податоци е особено релевантна за општите податоци за населението (попис на населението, процени за населението) и општите економски податоци (вкупна вработеност, БДП).

Методологијата им овозможи на вклучените партнери за проценат кои податоци се собираат, кои податоци се достапни и можат да се добијат, така поставувајќи ја основата за застапување за подобрување или на собирањето или на достапноста на податоците во иднина.

# Споредбена анализа

## Состојба со собирањето податоци

ГО не се препознаваат како значителна и растечка економска сила, затоа во повеќето држави или нема статистички податоци или тие се многу ограничени. Ако постојат податоци, тие вообичаено не ги собира официјалниот статистички орган, туку други институции, како национални регистри, даночна аминистрација, различни министерства, пензиски фондови и други тела.

Постојат значителни разлики меѓу државите за тоа како се презентира структурата на приходите и расходите, па регионална споредба се прави само врз основа на вкупните суми. Понатаму, кога постојат податоци, тие не се обработуваат на таков начин за да биде видлива посебната природа на граѓанскиот сектор. ГО не се одделени од другите сектори (на пример, податоци за вработувањето, платите). Еден пример што може да биде добра почетна точка за други држави е „Годишниот извештај за финансиските резултати на непрофитните институции во Србија", објавен од Српската агенција за стопански регистри (АПР). Достапен е на нивната интернет-страница, но дури и на овој извештај му требаат извесни корекции во однос на нивото на детали кои се дадени.

Кога бараат податоци, партнертите во БЦСДН се соочуваат со различни предизвици, вклучително административен молк, одбивање да се обезбедат податоци врз основа на Законот за достапност на информации и барања да се плати за да се добијат податоци. Во неколку држави даночната администрација се покажала како особено тешка за соработка. Во некои ситуации, ниту институциите ниту нашите партнери не беа свесни за постоењето достапни податоци. На пример, пензиските фондови во неколку држави се покажаа како многу важен извор на информации за вработувањето, а не беа земени предвид кога првично се бараа податоците.

Во Албанија, во Црна Гора и во Србија различни стратешки документи ја препознаваат важноста на систематското собирање податоци, додека во други земји во релевантните документи не се ни споменува статистика поврзана со ГО. Црна Гора и Македонија се единствените две држави кои имаат претставник од ГО во статистичките совети, иако се чини дека не се целосно искористени.

Во повеќето држави, нема податоци за расходите за даноци (ДДВ + персонален данок + добивка).

Освен Турција, ниедна друга земја нема информации за бројот на волонтери. Бројот на волонтери во Труција е исто така под прашање бидејќи нема правна дефиниција за волонтери, па има високо ниво на дискреција во пријавувањето на бројот на волонтери. Затоа нема информации за вредноста на волонтерската работа, која се смета за значителен придонес кон економската вредност на секторот.

Во извештајот има различни практики поврзани со собирањето на податоци за ГО и нивната достапност. Тоа е извонредна почетна точка да им се помогне на ГО да го користат искуството на другите за да ја подобрат ситуацијата во своите држави.

Следнава табела дава преглед на клучните податоци за сите седум држави, проследена со графичка презентација на споредбени податоци. За да се стават економските податоци поврзани со ГО во перспектива, табелата е збогатена со податоци за населението, вкупниот број на ГО, БДП и вкупната вработеност.

Сите финансиски податоци се дадени во евра. Важно е да се нагласи дека податоците се дадени за различни периоди (од 2013 до 2015), бидејќи нивното собирање и достапност се разликува од една до друга држава. Сепак, веруваме дека податоците се илустративни и даваат доволно информации за споредбени цели. Понатаму, тие се добра почетна точка за посматрање на трендовите на оваа тема.

# Споредбена табела

*ЗАБЕЛЕШКА: Информациите за изворите на податоци и објаснувањата за секоја цифра се дадени во одделните табели за секоја земја.*

| | Албанија (2014) | Босна и Херцеговина | Косово (2014) | Македонија (2014) | Црна Гора (2014) | Србија (2013) | Турција (2013) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Население | 2.800.138 | 3.791.622 | 1.844.553 | 2.069.172 | 620.029 | 7.186.862 | 76.667.864 |
| Број на ГО | 2.427 | 12.000 | 8.014 | 4.156 | 3.300 | 23.394 | 102.727 |
| Број на жители по 1 ГО | 1.154 | 316 | 230 | 498 | 188 | 307 | 746 |
| **Податоци за економските показатели** | | | | | | | |
| БДП | 10.059.000.000 | 13.667.000.000 | 5.326.700.000 | 8.535.000.000 | 3.425.000.000 | 34.263.000.000 | 616.345.000.000 |
| % на вкупните приходи на ГО во БДП | 0,25% | N/A | N/A | 0,96% | 0,58% | 0,74% | 1,34% |
| Вкупни приходи на ГО | 25.372.256 | N/A | N/A | 81.516.756 | 19.889.292 | 254.713.543 | 8.282.157.668 |
| Просечени приходи по ГО | 10.454 | N/A | N/A | 19.614 | 6.027 | 10.888 | 80.623 |
| Вкупни расходи на ГО | 24.826.390 | N/A | N/A | 60.226.397 | N/A | 247.615.305 | 4.916.022.161 |
| Расходи за даноци (ДДВ + персонален данок+добивка) | 3.033.325 | N/A | N/A | N/A | 2.412.946 | N/A | N/A |
| Број на вработени во ГО | 7.505 | N/A | 8.743 | 1.897 | 776 | 6.729 | 50.976 |
| Вкупен број на вработени во државата | 1.048.908 | N/A | 338.400 | 501.788 | 210.900 | 1.715.164 | 25.933.000 |
| % на вработени во ГО во вкупниот број вработени | 0,72% | N/A | 2,58% | 0,38% | 0,37% | 0,39% | 0,20% |
| Број на вработени по ГО | 3,09 | N/A | 1,09 | 0,46 | 0,24 | 0,29 | 0,50 |
| Број на доброволци | N/A | N/A | N/A | N/A | N/A | N/A | 1.183.435 |

## Број на ГО




Согласно големината на државите, се очекуваше дека Турција ќе има највисок број ГО. Албанија има најмалку, додека Косово и Црна Гора имаат релативно висок број ГО по глава на жител.

## Број на граѓани по ГО




Бројот на граѓани по ГО може да биде илустрација на граѓанскиот активизам. На пример, можно е помал број граѓани по ГО да води до поголемо ниво на активизам. Меѓутоа, исто така може да укаже на инфлација на бројот на ГО, кои не се неопходно сите активни. Албанија има највисок број граѓани по ГО (1.154), додека најмалку има во Црна Гора (188). Овие податоци можат да се споредат со оние презентирани во „Меѓународниот извештај за граѓанското општество"[7], подготвен од Одделението за меѓународни работи во турското Министерство за внатрешни работи во јули 2013 г. Таму е наведено дека просечниот број граѓани по ГО изнесува од 95 во Хрватска, 138 во Германија, 143 во Унгарија, 198 во САД и 344 во Велика Британија.

7 http://www.tacso.org/doc/nar_tr2014april.pdf

## Учество на ГО во вкупниот БДП, во проценти




Презентирањето на соодносот на вкупните приходи на ГО наспроти националниот БДП е можно за пет земји. Босна и Херцеговина и Косово или немаат сигурни податоци за вкупните приходи на ГО или воопшто немаат податоци. Турција има највисок сооднос на вкупните приходи на ГО во националниот БДП (1,34%), а по неа е Македонија (0,96%), Србија (0,74%) и Црна Гора (0,58%), додека Албанија има најнизок (0,25%). Овие податоци не ја вклучуваат вредноста на доброволните придонеси. Ако во овие земји постоеше методологија за пресметка, соодносот на БДП ќе беше повисок. На пример, просечниот соодност на НПИ[8] во БДП на 16 земји опфатени со претходно сппоменатата студија на Џон Хопкинс е 4,5%, од кои 3,6% е без придонесот на волонтерите, а 0,9% вклучува придонес на волонтерите.

## Просечни приходи по ГО, во евра




Турција има највисок просечен приход по ГО (80.623 ЕУР), а Црна Гора најнизок (6.027 ЕУР), додека од Босна и Херцеговина и од Косово нема податоци. Сепак, овие податоци не ја објаснуваат

8 НПИ – Непрофитни институции

големата разлика во самите земји во однос на дистрибуцијата на приходите меѓу ГО, особено меѓу здруженијата и фондациите во Србија и во Турција.

## Број на вработени во ГО




Податоците за бројот на вработените се однесуваат на таканаречените „целосни вработувања“, т.е. на персоналот на ГО кој е официјално пријавен со целосно покриени давачки. Поголемиот дел на ГО вработуваат персонал со различни видови договори, кои не се вклучени во овој графикон. Ова значи дека вкупниот број луѓе вклучени во непрофитниот сектор е повисок од презентираниот. Меѓутоа, не даваат сите земји податоци за други видови вработување.

Како што е очекувано, Турција има највисок број вработени во непрофитниот сектор. Ова е заради тоа што бројот на регистрирани ГО е двапати поголем од сите други земји заедно. За Босна и Херцеговина нема достапни податоци.

## Просечен број на вработени по една ГО




Албанија има највисок просечен број вработени по ГО (3,09), по неа доаѓа Косово (1,09), додека другите земји имаат значително понизок просечен број вработени по ГО: Турција (0,50), Македонија (0,46), Србија (0,29) и Црна Гора (0,24). За Босна и Херцеговина нема достапни податоци.

## Процент на вработени во ГО во однос на вкупниот број вработени во државата




Косово има највисок сооднос на вработени во ГО во однос на вкупниот број вработени (2,58%), кој е значително повисок во споредба со другите држави. Во Чешка, на пример, соодносот е 1,9%, иако не е вклучен во овој извештај. По Косово, следува Албанија со 0,72%, додека Србија, Македонија и Црна Гора се сите меѓу 0,37% и 0,39%. Турција има најнизок сооднос (0,20%), додека за Босна и Херцеговина нема достапни податоци.

Студијата на „Џон Хопкинс“ открива дека просечниот процент на работната сила во НПИ во однос на севкупната работна сила во 13 земји е 7,4% (платена работна сила - 5,2% и волонтери - 2,2%).

# Заеднички препораки

Врз основа на проценетата ситуација со собирањето и достапноста на податоците, заедничките препораки треба да се користат како клучен елемент во заедничкиот пристап кон идните стратегии за застапување. Препораките се подготвуваат за да се применуваат и од страна на владите да преземат мерки и од страна на ГО за да се застапуваат за овие мерки.

- **Препознавање и идентификација на непрофитниот сектор како таков со посебни карактеристики, преку конкретна класификација/ категоризација.** Во тој контекст, неопходно е да се подготват конкретни формулари приспособени за спецификите на непрофитниот сектор, додека истовремено треба да се избегнува оптоварувањето и применувањето на принципот на пропорционалност. Ова лесно може да се стори со користење на Сателитските сметки на ОН за непрофитни институции (НПИ), кои даваат стандардни насоки за непрофитниот сектор во националните економски извештаи базирани на методологијата на Меѓународниот систем на национални сметки (СНА).

- **Обезбедување компатибилност со деловниот и регионалниот/ глобалниот непрофитен сектор.** Кога се подготвува пристап за собирање податоци за непрофитниот сектор, политиките за завршни сметки и форматите за известување за ГО треба исто така да се ревидираат, особено во однос на структурите за известување за приходите и расходите, за споредбата со деловниот сектор и споредбата со глобалниот/ националниот непрофитен сектор да биде можна.

- **Застапување за редовно објавување основни податоци поврзани со непрофитниот сектор од страна на релевантните институции.** Ова вклучува економски податоци за секторот, бидејќи ваквите податоци веќе се собираат од страна на релевантните органи, како даночните органи, агенциите за регистрирање, јавните статистички институции, пензиските фондови и слично. Корисни податоци би биле вкупниот приход со детална структура, вкупните расходи со детална структура и збирни податоци за вработеноста во секторот, како бројот на вработени организирани по вид на договор или по просечна плата.

- **Сумарните податоци треба да се обезбедат бесплатно.** Идеално, податоицте треба да се објават како јавен документ кој е достапен на интернет-страниците на различни институции за симнување и лесно достапен за јавноста. Понатаму, значителен чекор кон презентирање на економските податоци за секторот би бил да се стават сите овие податоци во еден единствен документ.

**Стратешките документи релевантни за ГО (стратегии, договори итн.) треба да ја одразуваат важноста и потребата за систематско собирање податоци и нивна анализа.** Ова треба да се однесува и на постоечките документи на кои може да им треба ревизија и на сите идни документи.

- **Набљудување на граѓанското општество според Насоките на ЕУ за поддршка на граѓанското општество во земјите кандидати за членство 2014-2020, како што бара Европската комисија од владите на земјите кандидати за членство.** Подготвени се целите, резултатите и индикаторите за поддршка на ЕУ за граѓанското општество, кои ќе овозможат мерење на напредокот на земјата, како и во регионот на проширувањето. Востановено е систематско собирање податоци и треба да се користи за подобро собирање податоци порвзани со ГО, особено имајќи предвид дека овие податоци исто така служат како информации за подготвката на годишните извештаи за напоредокот на ЕК.

- **Потребно е систематско собирање податоци за волонтерската работа, како и подготвка на методологија за пресметување на паричната вредност на волонтерската работа и нејзиниот придонес кон БДП.** Волонтерската работа е типична и суштинска карактеристика на граѓанското општество. Волонтерите претставуваат дел од работната сила и формираат активен дел од населението кој врши важна работа и услуги за општеството. Волонтерите придонесуваат во економијата и БДП, па клучно е да се презентира оваа вредност која волонтерската работа ја носи во општеството. „Прирачникот на ИЛО за мерење на волонтерската работа" е добра почетна точка за подготовка на ваква методологија.

- **Понатамошна употреба на веќе постоечки механизми за соработка меѓу владата и ГО за лобирање за систематско собирање податоци, нивна анализа и објавување и/ или лобирање за воспоставување такви механизми онаму каде што не постојат** (на пример, лица за контакт за НВО, статистички совет).

- **Треба целосно да се примени пристап до информации, ажурност и навремена повратна информација од државните институции во согласност со постоечката легислатива за слободен пристап до информации**.

Конкретните препораки за секоја земја се дадени во следното поглавје, по презентирањето на состојбата и податоците за секоја земја. Треба да се користат како почетна точка за подготвка на подетални стратегии и акции за застапување, со конкретни целни публики и пораки.

# Национални анализи



# Албанија

## Состојба со собирањето податоци

Економските/ финансиските податоци за непрофитниот сектор во Албанијане се јавно достапни. Можно е да се добијат податоци од Генералниот директорат за даноци на Албанскиот инстутут за статистика (ИНСТАТ), кој е институцијата одговорна за обработка на податоците и од Националното биро за вработување под Министерствово за социјални работи и млади. Меѓутоа, потребно е да се поднесе барање врз основа на членовите во Законот бр. 119/2014 за правото на информации. Албанскиот партнер во проектот, Институтот за демокртаија и медијација (ИДМ), доби збирни податоци преку барање за слобода на информации (ФоИ) до Генералниот директорат за даноци и преку второстепени поодатоци од „Мапа за политики и акции за овозможувачка околина за граѓанското општество".

На 27 мај 2015 година, Мапата[9] е одобрена со Одлуката на Советот на министрите (ДЦМ), бр. 459. Во Мапата, собирањето податоци за развојот на граѓанското општество се смета за седма приоритетна област. Предложените акции вклучуваат:

- 7.1 Промена на тековниот закон за регистрација на непрофитни организации за да се овозможи основање електронски регистар;
- 7.2 Подготовка на јавно достапна база на податоци на интернет која редовно ќе се ажурира со сите релевантни информации за регистрираните ГО;
- 7.3 Дополнување на тековното или подготовка на ново законодавство кое ќе го регулира финансиското известување за НПО за да обезбеди подготовка на нови шаблони за известување кои ќе овозможат подготовка на подобра статистика за ГО;
- 7.4 Подготовка за објавување ажурирани информации со клучна статистика за придонесот на граѓанскиот сектор кон социјалниот и економскиот развој на државата и широко објавување на резултатите.

Во моментов, ИНСТАТ е вклучен во проект за збратимување[10] со Централната статистичка канцеларија на Ирска, па ова е можност да се изврши притисок на ИНСТАТ да научи од своите колеги во Ирска за најдобрите начини да се воведе статистика поврзана со непрофитните организации.

9 http://www.integrimi.gov.al/al/dokumenta/dokumente-strategjike/udherrefyesi-i-shoqerise-civile&page=1

10 http://www.instat.gov.al/media/305886/press_release.pdf

# Клучни економски податоци за непрофитниот сектор во Албанија

| | |
|---|---|
| Население (последен попис на населението, 2011)[11] | 2.800.138 |
| Број на ГО во 2014[12] | 2.427 |
| Број на граѓани по 1 ГО | 1.154 |
| Податоци за економските показатели | Албанија (2014) |
| БДП[13] | 10.059.000.000 |
| % на приходи на ГО во БДП | 0,25% |
| Вкупни приходи на ГО[14] | 25.372.256 |
| Вкупни расходи на ГО[15] | 24.826.390 |
| Расходи за даноци (ДДВ + персонален данок + добивка)[16] | 3.033.325 |
| Број на вработени во ГО[17] | 7.505 |
| Вкупен број на вработени во државата[18] | 1.037.061 |
| % на вработените во ГО во вкупниот број вработени | 0,72% |
| Број на вработени по ГО | 3,09 |
| Број на волонтери | N/A |
| | Девизен курс: 1 EUR = 138,99 ALL[19] |

11 http://www.instat.gov.al/media/178091/tab_1_1_1.xls

12 За 2014, има 2.427 активни ГО или ГО регистрирани кај даночните органи – во Генералниот директорат за даноци на Албанија (како што е наведено во Владината мапа за овозможувачка средина за развој на граѓанското општество); а има 8.449 регистрирани ГО во Основниот суд на Тирана според Законот 8789 „За регистрација на непрофитни организации“ (како што е наведено во Извештајот за Албанија на ММ за 2014 година).

13 http://countryeconomy.com/countries/Албанија

14 Добиено од Генералниот директорат за даноци на Албанија преку барање за слободен пристап до информации.

15 Добиено од Генералниот директорат за даноци на Албанија преку барање за слободен пристап до информации.

16 Добиено од Генералниот директорат за даноци на Албанија преку барање за слободен пристап до информации.

17 Според официјалните податоци на Генералниот директорат за даноци за 2014 година, како што е наведено во нацрт-владината Мапа за овозможувачка околина за развој на граѓанското општество (ТАКСО; ноември 2014 година).

18 http://www.instat.gov.al/media/291851/tregu_punes_2014.pdf

19 http://www.exchange-rates.org/Rate/EUR/ALL/11-6-2014

Податоците од 2014 година за ГО во Албанија покажуваат дека вкупно 2.427 ГО се регистрирани кај даночните органи, а вработуваат 7.505 лица.[20]

Процентот на вкупните приходи на ГО во БДП на Албанија за 2014 година е 0,25%, што е најнизок од земјите во овој извештај. Просечниот приход на една ГО е 10.454 ЕУР, слично на Србија. Расходите за даноци претставуваат 12,2% од вкупните расходи на ГО. Нема други достапни детали за структурата на приходите и расходите.

Лицата кои работат во ГО претставуваат 0,72% од вкупниот број вработени воАлбанија. Така, просечниот број вработени по ГО е 3,09, што е најголем број во споредба со другите земји.

## Препораки за Албанија

- Спроведување на скоро усвоената Мапа за политики и акции за овозможувачка околина за граѓанското општество, особено приоритетот во Областа 7 (види ги точките 7.1, 7.2, 7.3 и 7.4 погоре);
- Посебно вниманите треба да се обрне на обезбедување податоци бесплатно, како јавен документ, достапен на интернет-страниците на институциите за симнување;
- Потребно е систематско собирање податоци за доброволната работа, како и подготовка на методологија за пресметување на паричната вредност на доброволната работа и нејзиниот придонес кон БДП;
- Подобро спроведување на Законот за право на информации;
- ИНСТАТ треба да ги користи искуствата и добрите практики од Ирска, преку тековниот проект за збратимување.

20 Нацрт-владина Мапа за овозможувачка околина за развој на граѓанското општество (ТАКСО; ноември 2014 година),

# Босна и Херцеговина

## Состојба со собирањето податоци

Во Босна и Херцеговина можат да се најдат податоци поврзани со ГО и нивните економски/финансиски показатели, но само ако се плати, и тоа висока цена. Босанскиот партнер на проектот, Центарот за промоција на граѓанското општетсво (ЦПЦД), побара од федералното Министерство за финансии да ги добие податоците бесплатно, но Министерството го одби барањето, иако обезбедувањето податоци на овој начин е регулирано со неговите внатрешни регулативи. Министерството ја интерпретира оваа можност само како отворена за државни институции. Комплексната институционална организација на Босна и Херцеговина прави собирањето податоци да е уште потешко.

Агенцијата за финансиски, информатички и посреднички услуги (АФИП[21]) е задолжена за собирање финансиски податоци за различни правни лица. Таа е основана од страна на Владата на Република Српска како независно и непрофитно тело кое наплаќа за своите услуги. Сепак, Законот за АФИП одредува дека податоците неопходни за работењето на административните тела треба на тие тела да им се даваат бесплатно.

ЦПЦД му се обрати на Одделението за правна помош на здруженија при Министерството за правда за да добие податоци од Министерството за финансии и ги информира за предизвиците со кои се соочи при собирањето податоци. Кога се пишуваше овој извештај, сè уште се чекаше нивниот одговор.

Следниов пример ја илустрира ситуацијата со купувањето податоци. АФИП има податоци за околу 7.500 правни лица кои се сметаат за ГО. Меѓутоа, не поднесуваат сите ГО финансиски извештаи. Затоа, дел од финансиските податоци недостасува. За оние ГО кои поднеле финансиски извештаи, Агенцијата бара да се плати 1 евро по извештај, што може да достигне до 7.500 ЕУР за сите ГО. Истовремено, информациите за бројот на ГО кои поднесуваат финансиски извештаи не се достапни, па така е невозможно однапред да се знае колку пари треба да се платат.

Во Република Српска се смета дека има околку 2.160 финансиски извештаи кои можат да се купат за 825 евра, што значи дека вкупно можат да се платат и до 8.325 евра за податоци на национално ниво.

Вреди да се спомене дека Агенцијата за статистика на Босна и Херцеговина пред извесно време ја донесе Стратегијата за развој на статистиката во Босна и Херцеговина 2020[22] која, меѓу

21 http://www.afip.ba/

22 http://www.bhas.ba/planiprogram/STRATEGIJA%20%20RAZVOJA%20STATISTIKE%20BIH%202020FINAL%20BH.pdf

другото, има и стратешки приоритет да промовира „широка употреба на статистички податоци меѓу корисниците“. Активностите во овој приоритет се:

- Поттикнување и промовирање дијалог со корисниците;
- Промоција на користење статистички податоци преку подобрен пристап до податоци и информации;
- Развој на статистички области базирани на соработка во внатрешна и во меѓународна средина.

Има известен број мерки да се постигнат овие приоритети, па ова може да се искористи како средство за посистематски пристап кон собирање на податоците во однос на ГО генерално, а особено на економски/ финансиски податоци.

## Клучни економски податоци за непрофитниот сектор во Босна и Херцеговина

| | |
|---|---|
| Население (Попис на населението 2013 – прелиминарни податоци)[23] | 3.791.622 |
| Број на ГО 2014[24] | 12.000 |
| Број на жители по 1 ГО | 315,97 |
| Податоци за економските показатели | Босна и Херцеговина (2014) |
| БДП[25] | 13.667.000.000 |
| % на приходи на ГО во БДП | N/A |
| Вкупни приходи на ГО | N/A |
| Вкупни расходи на ГО | N/A |
| Број на вработени во ГО | N/A |
| Вкупен број на вработени во државата | N/A |
| % број на вработени во ГО во однос на вкупниот број вработени | N/A |
| Број на вработени по ГО | N/A |
| Број на волонтери | N/A |
| | Exchange rate: 1 EUR = 1,95583 BAM |

23 http://www.bhas.ba/obavjestenja/Preliminarni_rezultati_bos.pdf

24 Приближно; Министерството за правда на Босна и Херцеговина оперира со бројка од 22.000 НВО.

25 http://countryeconomy.com/countries/bosnia-herzegovina

Како што веќе се спомена, скоро и да не постојат податоци (јавно). Меѓутоа, на интернет-страницата на Агенцијата за статистика на Босна и Херцеговина може да се најде извештајот „единици на статистичкиот деловен регистар", објавена на 30 јуни 2014 година[26]. Овој извештај дава податоци за различни претпријатија, меѓутоа ги вклучува и непрофитните, кои можат да се идентификуваат во областа „С – други видови услуги[27]" и официјалниот код „94 – организации базирани на членство", како што е дефинирано во Класификацијата на активности во БиХ[28].

**Под кодот 94, можат да се идентификуваат следните видови ГО:**

94.1 Активности на деловни здруженија, здруженија на работодавачи и здруженија на стручни членови

94.11 Активности на деловни здруженија и здруженија на работодавачи

94.12 Активности на здруженија на стручни членови

94.2 Активности на синдикати

94.20 Активности на синдикати

94.9 Активности на други организации базирани на членство

94.91 Активности на верски организации

94.92 Активности на политички организации

94.99 Активности на други организации базирани на членство.

Во 2014 година имаше 14.601 такви правни лица (Код 94) во Босна и Херцеговина. Од овие, 2.303 (15,8%) и 1.764 (12,1%) поднеле финансиски извештаи. Истовремено, 12.298 (84,2%) не се затворени (не престанале да постојат), иако не ги поднеле своите финансиски извештаи и меѓу нив 7.592 (61,7%) имаат активни трансакциски сметки.

Во истата изјава, има податоци за вработеноста, но само за целата област „С".

Бидејќи ГО се дел од областа С и Кодот 94 (барем, кодовите 94.1 и 94.99), логично е да се претпостави дека податоците презентирани во извештајот се собираат на редовна основа од страна на Статистичката агенција и дека можат лесно да се извадат само за ГО (под услов да има согласност во однос на тоа кои од кодовите под кодот 94 го претставуваат ГО).

## Препораки за Босна и Херцеговина

- Воспоставување единствен регистар на ГО во Босна и Херцеговина со јасна класификација на ГО како одделен сектор/ правно лице со специфични карактеристики;
- Редовно објавување на основните генерални и економски податоци за непрофитниот сектор, бидејќи овие податоци веќе се собираат од страна на релевантните тела (вкупните приходи со детална структура, вкупните расходи со детална структура, збирните податоци за вработеноста во секторот: вкупен број на вработени по вид на договор, просечни плати...);
- Посебно внимание треба да се обрне на бесплатно обезбедување на овие податоци, како јавен документ, достапен на интернет-страниците на различни институции за симнување.

26 http://www.bhas.ba/saopstenja/2014/SPR_2014_001_01-bh.pdf

27 Вклучува три кода: 94, 95 и 96.

28 http://dissemination.bhas.ba/classifications/kdbih.aspx?l=e

Понатаму, ставањето на сите овие податоци во еден единствен документ би било значаен чекор кон презентирање на економските податоци за секторот;

- Стратешките документи (на пример, Договорот за соработка меѓу Советот на министрите на БиХ и невладиниот сектор во Босна и Херцеговина, 2004) кои се однесуваат на ГО треба да ја одразат и важноста и потребата за систематско собирање, објавување и анализа на податоцоте;
- Потребно е систематско собирање податоци за волонтерската работа, како и подготовка на методологија за пресметување на паричната вредност на волонтерската работа и нејзиниот придонес кон БДП;
- Користење на приоритетите од „Стратегијата за развој на статистиката во Босна и Херцеговина 2020" како средство за застапување за посистематски пристап кон собирањето податоци за ГО, нивна анализиа и генерално објавување.

# Косово

## Состојба со собирањето податоци

Потенцијалните извори на информации за економската вредност на непрофитниот сектор на Косово се Косовската агенција за статистика, Централната банка на Косово, Банкарската асоцијација на Косово, Даночната администрација и Косовскиот пензиски фонд. Меѓутоа, нема јавно достапни податоци и проектниот партнер, Косовската фондација за граѓанско општество (КЦСФ), мораше повеќепати да бара повратни информации на своите барања за податоци.

Косовската агенција за статистика (КАС) обезбеди податоци од 2013 година, но Косовскиот пензиски фонд (КПТ) даде нови и подетални податоци во врска со вработувањето за 2014 година. Што се оеднесува до вкупните приходи и расходи, има значителна разлика меѓу податоците на КАС и КПТ. Овие податоци не се презентирани во извештајот заради сомнеж во нивната веродостојност. Податоците за вкупните приходи се достапни од Косовскиот индекс за граѓанско општество, кој се објавува двегодишно од страна на КЦСФ. Меѓутоа, овие податоци не го вклучуваат вкупниот сектор, туку се само приближни процени базирани на примерок од 100 активни НВО. Затоа и тие не се користат во овој извештај.

Владината Стратегија за соработка со граѓанското општество за 2013-2017 година има една препорака која се однесува на недостатокот на податоци и статистика, која вели дека „се проценува дека околу 8% од финансирањето за граѓанското општество се добива од буџетот на Република Косово, но нема точни податоци за владиното ниво на финансирање на граѓанското општетсво“. Планирано е да се спроведува ревизија на стратегијата секои две години[29], па вреди да се истражи можноста за инкорпорирање на основање систем за собирање податоци и статистика за НВО (не само поврзано со економските аспекти, туку и генерално).

Понатаму, стратегијата ја препознава волонтерската работа како една од четирите клучни приоритети, па затоа можат да се поттикнат слични напори во однос на статистиката за доброволна работа во процесот на ревизија на стратегијата.

29 Првиоте две години на спроведувањето на Стратегијата завршуваат во 2015 година, па 2016 година веројатно ќе биде посветена на ревизија.

## Клучни економски податоци за непрофитниот сектор во Косово

| | |
|---|---|
| Население (процена за 2014)[30] | 1.844.553 |
| Број на ГО во 2014[31] | 8.014 |
| Број на жители по 1 ГО | 230 |
| **Податоци за економските показатели** | **Косово (2014)** |
| БДП[32] | 5.326.700.000 |
| % на приходи на ГО во БДП | N/A |
| Вкупни приходи на ГО | N/A |
| Вкупни расходи на ГО | N/A |
| Расходи за даноци (ДДВ + персонален данок + добивка) | N/A |
| Број на вработени во ГО[33] | 8.743 |
| Вкупен број на вработени во државата[34] | 338.400 |
| % на вработени во ГО во вкупниот број вработени | 2,58% |
| Број на вработени по ГО | 1,09 |
| Број на волонтери | N/A |
| Вкупен број на индивидуални придонеси во НВО-секторот | 12.874 |
| Број на вработени со повеќе од едно работно место, од кое едно е во НВО | 4,583 |
| Вкупна вредност на придонесите од вработените во НВО | 3,561,897.52 |
| Поделба на придонесите по род | Машки: 7.076<br>Женски: 5.798 |

Според податоците добиени на 31 декември 2014 година од Одделението за регистрација и врски со НВО (ДРЛНГО), има 8.014 регистрирани НВО на Косово. Меѓутоа, КЦФС проценува дека само 15-20% од нив (околу 1.500 НВО) се всушност активни. Процената е базирана на комбинација од неколку фактори: НВО кои за Косовската агенција за статистика изјавиле дека

30 https://ask.rks-gov.net/ENG/publikimet/doc_download/1322-estimation-Косово-population-in-2014

31 Одделение за регистрација и врски со НВО, 31 декември 2014 година.

32 http://ask.rks-gov.net/ENG/national-account/publications/doc_download/1328-quarterly-gross-domestic-product-q1-2015

33 Вработување само во НВО.

34 http://ask.rks-gov.net/ENG/labour-market/publications/doc_download/1199-results-of-the-Косово-2013-labour-force-survey

имаат вработени, НВО кои се новорегистрирани (во 2014 година) и мал дел од НВО кои работат без платен персонал, на доброволна основа.

Косовскиот пензиски фонд дал информации за бројот на лицата кои плаќаат пензиски придонес од НВО (вкупниот број е 12.874 за 2014 година[35]), а за бројот на вработени со повеќе од едно работно место, од кои едното е во НВО (4.583). Во однос на оваа информација, податоците овозможуваат да се извади бројот на поединци кои работат само во НВО-секторот, кој е 8.743.

## Структура на вработените во секторот на ГО на Косово, по род




Од вкупниот број индивидуални придонеси, 7.076 (56%) се мажи, а 5.798 (45%) се жени.

Вработувањето во граѓанскиот секторот на Косово е прилично високо во споредба со други земји. Важно е да се нагласи дека дека на Косово може да се разграничи меѓу вработувањето само во граѓанскиот сектор и паралелното вработување во граѓанскиот и во други сектори. Затоа, уделот на вкупното вработување за сите вработени во непрофитниот сектор на Косово е 3,8% (оние кои работат и во граѓанскиот сектор и имаат друга работа), додека уделот во вкупното вработување за оние кои работат само во непрофитниот сектор е 2,58%, што сепак е највисок меѓу земјите кои се опфатени во овој извештај. Меѓутоа, нема достапна методологија која јасно би го разграничила бројот на работните места на цело работно време од бројот на работните места со скратено работно време или консултантските работи во секторот.

Вкупната вредност на придонесите од вработените во ГО на Косово е 3.561.897,52 ЕУР.

Бидејќи нема податоци за вкупните приходи на ГО на Косово, нема можност да се процени придонесот во БДП.

Во однос на податоците за волонтерската работа, нема систематски, сеопфатни податоци за бројот на волонтери, часовите волонтерска работа и нејзината парична вредност.

35 Од 2014 година, податоците за вработувањето за Косовската агенција за статистика се даваат од страна на Косовскиот пензиски фонд.

## Препораки за Косово

- Релевантите органи активно да започнат со собирање податоци за ГО, преку воведување конкретна категоризација за овој сектор во своите системи за собирање податоци;
- Воспоставување редовна комуникација со органите задолжени за собирање податоци. Во тој контекст, важно е да се идентификуваат и да се надминат причините за разликите во истите видови податоци од страна на различни институции/ тела;
- Транспарентни информации за видот податоци собрани од различни органи/ институци, поврзани со економските ппоказатели на ГО;
- Треба да се се подготви јасна методологија за идентификување на видот на вработување во секторот и/или да се презентира на јавноста.
- Треба да се обрне посебно внимание на обезбедување на овие податоци бесплатно, како јавен документ, достапен на интернет-страниците на различни институции за симнување. Понатаму, ако сите овие податоци се стават во еден документ, тоа би било значителен чекор кон презентирање на економските податоци за секторот.
- Стратешките документи (на пример, Владината стратегија за соработка со граѓанското општество, 2013-2017[36]) кои се однесуваат на ГО треба да ја одразат и важноста и потребата за систематско собирање податоци, нивно објавување и анализа. Ревизијата на тековната стратегија треба да се искористи за посочување на прашањето со податоците поврзани со секторот кои недостасуваат;
- Потребно е систематско собирање податоци за волонтерската работа, како и подготовка на методологија за пресметување на паричната вредност на доброволната работа и нејзиниот удел во БДП. Ова треба да се инкорпорира во ревизијата на тековната стратегија.

36 Усвоено во 2013 година

# Македонија

## Состојба со собирањето податоци

Според Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество во Македонија за 2014 година[37], пристапот до информации за граѓанското општество е ограничен кога станува збор за националната статистика за секторот (се наплаќа за добивање информации во зависност од нивото на нивната комплексност).

Процесот на регистрација во Македонија се прави според Законот за здруженија и фондации[38] кој овозможува секој да регистрира организација преку Централниот регистар на Република Македонија. Така, Централниот регистар, одговорен за работење со конкретни податоци за финансиските показатели на ГО во Македонија, е еден од клучните извори на податоци за граѓанското општество. Меѓутоа, овие податоци не се јавно достапни и мора да се купуваат (за овој извештај, купени се податоци за 980 евра).

Државниот завод за статистика на Македонија е клучниот државен орган одговорен за собирање, обработка и објавување статистички податоци за демографските, социјалните и економските карактеристики на македонското општество. Во врска со непрофитниот сектор, некои од финансиските податоци за ГО во Македонија (како просечните плати) се јавно достапни и можат да се најдат во публикации на Државниот завод за статистика (објавени на годишна или на месечна основа), но тие се генерално за сите видови непрофитни организации (т.е. за сите организации базирани на членство).

Во 2014 година основан е Советот за статистика како меѓусекторско тело кое вклучува еден претставник на граѓанското општество, што е потенцијал кој може да се искористи за понатамошно унапредување на собирањето и анализата на податоците поврзани со ГО.

Друг важен извор на информации во однос на непрофитниот сектор за различните државни институции е Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[39] и Законот за користење податоци од јавниот сектор[40]. Сепак, можностите кои ги даваат овие закони се релативно нови и недоволно испитани. Потребни се дополнителни напори да се добијат податоци од државните органи (извештаи, документи, мислења, искуства итн.), а понекогаш овие напори се залудни, заради недостаток на одговор од страна на државните органи.

37 http://monitoringmatrix.net/monitoring-matrix/civil-society-and-civil-society-development-in-Македонија-2014/

38 Закон за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010 и 135/2011)

39 Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија бр. 13/2006, 86/2008, 6/2010, и 42/2014)

40 Закон за користење податоци од јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014)

Најновиот стратешки документ насловен „Стратегија за соработка на владата со граѓанскиот сектор 2012-2017" не ја споменува важноста и потребата за подобрување на собирањето и анализирањето податоци поврзани со ГО.

На крајот, локалните ГО се потенцијален извор на податоци за граѓанското општество, со спроведување различни истражувања или грантови (на пример, проценет број на волонтери), но ова се прави само на спорадична основа.

# Клучни економски податоци за непрофитниот сектор во Македонија

| | |
|---|---|
| Население (31.12.2014)[41] | 2.069.172 |
| Број на ГО во 2014[42] | 4.156 |
| Број на жители по 1 CSO | 498 |
| Податоци за економските показатели | Македонија (2014) |
| БДП[43] | 8.535.000.000,00 |
| % на приходите на ГО во БДП | 0,96 % |
| Вкупни приходи на ГО | 81.516.756 |
| Структура на приходите | |
| Вкупни приходи од продажба на производи | 5.169.488 |
| Вкупни приходи од услуги | 4.687.735 |
| Вкупни приходи од донации и грантови | 55.477.219 |
| Вкупни сопствени приходи | 124.072 |
| Други приходи | 16.058.242 |
| Вкупни расходи на ГО | 60.226.397 |
| Структура на расходите | |
| Плати и надоместоци на платите | 9.875.892 |
| Издатоци за авторски хонорари | 3.214.950 |
| Издатоци за повремени и привремени работи | 4.716.287 |
| Расходи за данок на добивка | 220.402 |
| Помошти, донации и други донации | 7.263.132 |
| Други расходи | 34.935.733 |
| Плати и надоместоци на платите | 9.875.892 |
| Издатоци за авторски хонорари | 3.214.950 |
| Расходи за даноци (ДДВ + персонален данок + добивка) | N/A[44] |
| Број на вработени во ГО | 1.897 |
| Најголем број на вработени во една ГО во 2014 | 42 |
| % на вработени во ГО во вкупниот број вработени (%)[45] | 0,38% |
| Просечна плата (нето) [46] | 348 |
| Просечна плата (бруто) [47] | 509 |
| Број на волонтери | N/A |
| Вкупен број на регистрирани ГО | 13.656 |
| Вкупен број на пререгистрирани ГО | 4.156 |
| Број на ГО кои поднеле завршна сметка за 2014 | 1.388 |
| Број на ГО кои поднеле само изјава/одлука за 2014[48] | 2.550 |
| | Девизен курс: 1 EUR = 61,505 MKD |

Како што е наведено во Извештајот за овозможувачка околина за развој на ГО за 2014, „бројот на регистрирани непрофитни организации (здруженија и фондации) според податоците на Централниот регистар на Македонија (ЦРМ) од декември 2014 година изнесува 13.656 или 6,6 организации на 1.000 граѓани". Од овој број, 4.156 се пререгистрирани според Законот за асоцијации и фондации, донесен во 2010 година. Ако се исклучат спортските здруженија од овој број (скоро 30%), има околу 1.000 активни организации во различни сектори и региони во Македонија. Во овој извештај, ќе го земеме предвид бројот на препрегистрирани организаии, т.е. 4.156 ГО.

## Структура на приходите на ГО, 2014




Според ЦРМ, 29% од вкупниот број (13.656) регистрирани ГО поднеле финансиски извештаи или изјави за трошоците, што е 95% од вкупниот број пререгистрирани ГО (4.156). Реално поднесените финансиски извештаи или изјави придонесуваат кон точноста на бројот на пререгистрирани организаии. Меѓутоа, ова не значи и дека се активни.

41 http://www.stat.gov.mk/Default_en.aspx

42 Според официјалните податоци од Централниот регистар на Македонија (ЦРМ) за 2014 г., има 13.656 здруженија и фондации, од кои 4.156 се пререгистрирани според амандманите на Законот за здруженија и фондации (и веројатно се активни).

43 http://countryeconomy.com/countries/Македонија

44 Не можат да се добијат информации, само за данокот на добивка.

45 http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.15.05.pdf

46 http://www.stat.gov.mk/

47 http://www.stat.gov.mk/

48 Според Законот за сметководство за непрофитни организации (Службен весник на Република Македонија, бр. 24/2003, 17/2011 и 154/2015), член 18, непрофитните организации чија вкупна вредност на имотот или годишните приходи се помалку од 2.500 евра во денарска противвредност, немаат обврска да подготват финансиски извештаи и да ги поднесуваат согласно одредбите на овој закон.

Истовремено, само 1.388 од вкупниот број ГО поднеле финансиски извештаи, што е 10% од вкупниот број ГО и 33% од пререгистрираните ГО. Ова значи дека поголемиот број организации имаат годишни буџети помали од 2.500 евра, со концентрација на фондовите меѓу помал број на „поголеми" организации.

Вкупните приходи на ГО за 2014 година биле 81.516.756 евра, а поголемиот дел од средствата (20%) дошле од донации и грантови (68%), проследени со други приходи (20%), додека приходите од услуги и продажба на производи заедно донеле 6% од вкупните приходи. Непрофитниот сектор во Македонија во најголем дел зависи од донации и грантови, а вклучува многу помалку економска активност.

Вкупните приходи на ГО во Македонија сочинуваат 0,96% од националниот БДП[49] за 2014 година. Оваа бројка е значителна имајќи предвид дека меѓу земјите опфатени со овој извештај, само Турција има поголемо учество на вкупните приходи во националниот БДП.

Просечните приходи по ГО биле 19.614 евра (просечниот приход е пресметан врз основа на вкупните приходи поделени со бројот на пререгистрирани ГО). Ако се поделат вкупните приходи со бројот на ГО што поднеле финансиски извештаи, тогаш просечните приходи по ГО се значително поголеми (58.730 евра).

## Структура на расходите на ГО, 2014




Вкупните расходи на ГО во Македонија биле 60.226.397 евра, додека „другите трошоци" кои се најголеми (59%) покриваат ставки како давачка за платен промет, камати на кредити и позајмици, премии за осигурување, дневници и патни трошоци за деловни патувања, поврат на трошоци на вработени и граѓани, негативни курсни разлики, членарини, расходи за меѓународна соработка и пренесени фондови. Платите и трошоците поврзани со нив следуваат со 16%, а потоа расходи за помошти, донации и други давачки (12%), издатоци за повремени и привремени работи (8%) и издатоци за авторски хонорари (5%). Вреди да се спомене дека сите

49 http://countryeconomy.com/gdp/Македонија

расходи кои се однесуваат на плати/ хонорари, т.е. ангажирање персонал во ГО, сочинуваат скоро третина (30%) од вкупните расходи. Просечните расходи по ГО биле 14.491 евра за пререгистрирање на ГО и 43.391 евра за ГО кои поднеле завршна сметка.

Официјалниот број вработени во 2014 година бил 1.897 (полно работно време), што е 0,38% од вкупниот број вработени во Македонија во таа година. Овој процент е скоро ист како во Црна Гора и во Србија. Има просечно 0,46 вработени со полно работно време по пререгистрирана ГО, а 1,4 по ГО што поднеле завршна сметка. Вреди да се спомене дека има повеќе луѓе вклучени во ГО преку различни видови договори кои не се со полно работно време, како авторски договор или договор за услуги. Меѓутоа, овие податоци не се извадени и не е јасно дали е можно да се добијат од Пензисискиот фонд или од Заводот за статистика. Релативно малиот број вработени по ГО покажува дека нема одржлива база на човечки ресурси на која може да се потпре и да се развива секторот.

Официјалниот број на волонтери не е достапен. Податоците на Министерството за труд и социјална политика (МЛСП) се базирани на бројот на издадени картички за волонтери. Практиката од крајот на 2014 година покажува дека Министерството престанало да издава картички за волонтери, па затоа не дава никакви точни информации. Во моментов, бројот може да се измери само преку услугите кои ги даваат ГО, но тоа е пак само делумен и индикативен број. На пример, истражувањето спроведено од страна на локалната ГО „Реактор – истражување во акција“[50] покажа дека во 2014 година 17% од граѓаните се членови на некоја организација. Друг пример е истражувањето насловено „Општествена одговорност на граѓаните 2013“ спроведено од МЦМС, кое користи репрезентативен примерок за да даде информации за индексот на активностите на волонтерите во заедницата (кој изнесува 18,4%) и индексот на учество во ГО (кој изнесува 17,6%).

## Препораки за Македонија

- Прилагодување на постоечките формулари за регистрација со спецификите на ГО;
- Објавување на основната статистика за непрофитните организации од страна на Централниот регистар на Македонија. Ова вклучува и редовно објавување на основните економски податоци за непрофитниот сектор, бидејќи овие податоци веќе се собрани од страна на ЦРМ (вкупните приходи со детална структура, вкупните расходи со детална структура, збирните податоци за вработувањето во секторот, бројот на вработени вкупно и по вид на договор, просечни плати итн.);
- Особен фокус треба да се има на тоа сите податоци за ГО да бидат бесплатни, како јавен документ, достапен на интернет-страницата на ЦРМ за симнување;
- Испитување на можноста Државниот завод за статистика да собира, обработува и презентира конкретни статистички податоци за непрофитниот сектор;
- Зајакнување на улогата на претставникот на ГО во Статистичкиот совет, што би можело да се искористи за промовирање на потребата и важноста за собирање податоци поврзани со ГО, нивна анализа и презентирање во редовните статистички програми;

50 http://www.graganskoucestvo.mk/static/pdf/gragjansko_uchestvo2012-1014_mkd.pdf

- Улогата на Одделението за соработка со НВО како посредник за добивање одредени податоци за граѓанското општество кои не се собираат на редовна основа, кога и ако е потребно, треба да се испита и да се промовира;
- Набљудување и истражување на отвореноста на податоците кои се однесуваат на ГО, а кои ги имаат институциите (со користење на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за користење податоци од јавниот сектор);
- Стратешките документи (на пр. Стратегија за соработка со граѓанското општество, Отворено партнерство во владата итн.) кои се однесуваат на ГО и развој на граѓанското општество, треба да ја одразуваат важноста и потребата за систематско собирање податоци, затоа се сугерира ревизија/ ажурирање на овие документи како еден од приоритетите на застапување;
- Потребно е систематско собирање податоци за волонтерското работење, како и развој на методологија за пресметување на паричната вредност на волонтерската работа и нејзиниот придонес во БДП.

# Црна Гора

## Состојба со собирањето податоци

Состојбата со собирањето податоци, нивната анализа и објавување во Црна Гора се опишува со три главни карактеристики, како што е опишано подолу.

Прво, ниту една друга земја (наведена во овој извештај) нема лице официјално задолжено за контакт со НВП во официјалниот институт/ тело како што е тоа случај со Заводот за статистика на Црна Гора[51]. Законската основа за работата на лицето за контакт одговорно за соработка со НВО е членот 16 на Одредбата за начинот и процедурата за соработка на органите на јавната администрација и невладините организации (Службен весник на Црна Гора 07/12). Оваа одлука утврдува дека секој орган на јавната администрација треба да има лице задолжено за соработка со ГО. Податоците за контакт со ова лице треба да се наведени на интернет-страницата на релевантиот орган на јавна администрација.

Второ, заедно со Македонија, Црна Гора е единствената држава која има статистички совет како советодавно и професионално тело со еден претставник од граѓанскиот сектор како член на ова тело, повторно како што е уредено со горespomenatата одредба. „Со цел да се подобри статистичката култура и знаењето, како и да се исполнат потребите на корисниците на статистиката, владата ќе основа Совет за статистички систем (во понатамошниот текст „Совет") како советодавно и професионално тело, како што е одредено во главата IV на Законот за официјална статистика и официјален статистички систем (Службен весник на Црна Гора 18/12)".[52]Ова значи дека има вистинска можност за непрофитниот сектор директно да влијае на развојот на статистичкиот систем во Црна Гора.

Трето, веќе има два потенцијално силни аспекта за транспарентни и достапни податоци за ГО, ситуацијата со статистиката за граѓанскиот сектор се препознава како слаба во Стратегијата за развој на невладините организации во Црна Гора 2014-2016[53], усвоена на седницата на владата на Црна Гора одржана на 26 декември 2013 година. Еден од стратешките приоритети и мерки кои треба да се постигнат се оние под стратешката цел 4.4. Овозможувачка околина за работата на невладините организации, т.е. 4.4.5. Статистика и документација на НВО. Во оваа глава стои следново: „Статистиката и документацијата за невладините организации

51 Контакт со НВО: Ана Васиљевиќ, раководител на администрација, човечки ресурси и финансии; тел. +382 20/226-534; факс+382 20/230-7814; e-mail: ana.vasiljevic@monstat.org; http://www.monstat.org/eng/page.php?id=1035&pageid=1

52 http://www.monstat.org/eng/page.php?id=14&pageid=14

53 http://www.osce.org/Црна Гора/124433

не се посебно регулирани со закони и подзаконски акти, ниту во внатрешните процедури на овластените органи на државната администрација. Една од поголемите бариери за подобро земање предвид на потребите и функционирањето на НВО во Црна Гора, особено во однос на нивниот развој, е недостатокот на официјални податоци за вработените и за волонтерите, приходите (донации од домашни и меѓународни извори, економски активности, членарина итн.), канцеларии за работа и техничка опрема. Овој недостаток го отежнува планирањето и одредувањето на идните насоки за развој на ГО и поддршката што државните органи и локалните власти треба да им ја обезбедат на ГО.

Врз основа на горепоменатото, неопходно е да се испита можноста за започнување со набљудување одредени податоци кои се однесуваат на спецификите во работата на ГО и нивно внесување во системот на податоци кој се чува **ex officio** од страна на органите задолжени за податоци (на пример, статистика, даночни органи и други тела). Утврдена е потребата да се дополни Законот за сметководство и ревизија, особено во делот кој се однесува на една група правни лица за кои се поднесува законот и за спецификите при пополнувањето на завршните сметки од страна на ГО. Се верува дека ова ќе доведе до добивање податоци кои се важни за набљудување на активностите, структурата на персоналот и финансиското работење на ГО во Црна Гора, кои имаат директно влијание на транспарентноста на нивната работа и на нивниот развој.

Понатаму, акцискиот план за поглавјето 23 на Аквисот на ЕУ исто така ја препознава потребата за подобрување на ситуацијата во оваа област.

Во практика, веќе е можно да се извадат некои податоци кои се собираат, како бројот на ГО кои поднесуваат финансиски извештаи, вкупните приходи, вкупните расходи, структурата на приходите и на расходите, бројот на вработени и просечните плати. Меѓутоа, тие не се обработуваат и не се објавуваат посебно за ГО.

Потенцијалните извори на статистика за ГО во Црна Гора, освен Заводот за статистика на Црна Гора, Министертсвото за финансии/ администрирање даноци и Пензискиот и инвалидскиот фонд.

Како што е веќе објаснето во случајот со Босна и Херцеговина, правните лица треба лесно да се идентификуваат преку нивните шифри дефинирани според класификацијата на активностите. Во Црна Гора[54] ГО треба да се идентификуваат во секторот „С" – Други услуги, област 94, што се однесува на организации „кои ги претставуваат интересите на конкретни групи или ги промовираат нивните идеи. Тие организации обично функционираат врз основа на членство, но на нивните активности можат да им се приклучат и други, ако се заинтересирани".

Во областа 94, овие организации можат понатаму да се дефинираат како оние кои им служат на интересите на вработените, самовработените и научните заедници (9411, активности на деловните здруженија и задруженија на работодавачи), 9412, активности на стручни здрженија и 9499, активности на други организации базирани на членство – промовирање на идеи и активности кои се однесуваат на верски, политички, културни, образовни или рекреативни активности).

Податоците базирани на класификацијата на активностите веќе се собираат и се печатат во различни публикации, затоа е реално да се очекува дека е можна обработка на податоци кои се однесуваат конкретно на ГО (ако е точна претпоставката за кодовите и ГО можат лесно

54 http://www.monstat.org/userfiles/file/klasifikacije/2.%20Publikacija%20KD%202010.pdf

да се идентификуваат преку овие кодови). Слично на ова, податоците за вработените преку Пензискиот и инвалидскиот фонд[55] редовно се собираат (врз основа на посебни прашалници кои секој работодавач ги поднесува за секој вработен секој месец). Затоа, ова е уште еден потенцијален извор на податоци кој може да биде достапен на барање. Вреди да се истражи дали ГО можат да имаат посебен код што ќе ги оддели од другите правни лица.

## Клучни економски податоци за непрофитниот сектор во Црна Гора

Сите економски податоци во табелата (и во текстот по неа) кои се однесуваат на ГО се за 1.137 ГО кои ги поднеле своите финансиски извештаи во 2014 година на Даночната управа, што е 34,5% од вкупниот број регистрирани ГО.

| | |
|---|---|
| Насление (последен попис на населението, 2011[56]) | 620.029 |
| Бројна ГО во 2014[57] | 3.300 |
| Број на жители по 1 ГО | 188 |
| Податоци за економските показатели | Црна Гора (2014) |
| БДП[58] | 3.425.000.000 |
| % на приходи на ГО во БДП | 0,58 % |
| Вкупни приходи на ГО | 19.889.292 |
| Вкупни приходи од економска активност[59] | 3.016.225 |
| Вкупни приходи од донации и грантови | 15.876.546 |
| Други приходи | 996.521 |
| Вкупни расходи на ГО[60] | N/A |
| Расходи за даноци и придонеси | 2.412.946 |
| Број на вработени во ГО[61] | 776 |
| Вкупен број на вработени во државата[62] | 210.900 |
| % на вработени во ГО во вкупниот број на вработени | 0,37 |
| Број на вработени по ГО | 0,24 |
| Број на волонтери | N/A |

55 http://www.fondpio.me

56 http://monstat.org/userfiles/file/publikacije/godisnjak%202014/stanovnistvo.pdf

57 Регистар на НВО: http://www.dokumenta.me/nvo/

58 http://countryeconomy.com/countries/Црна Гора

Според официјалните податоци, во Црна Гора имало 3.300 ГО во 2014 година, од кои 3.104 НВО (94,1%), 99 регистрирани како невладини фондации (3%) и 97 (2,9%) наведени како претставнички канцеларии на странски НВО.

Просечниот број граѓани по организација во Црна Гора е 188, што е најнизок просек во споредба со други земји.

## Структура на приходите на ГО, 2014




Вкупните приходи на ГО во 2014 година биле 19.889.292 евра. Од таа сума, 15% од економски активности (продавање стоки, услуги, приходи од кирија и слично), а само 5% од други извори. ЦРНВО побара повторно да се проверат податоците поврзани со економската активност, имајќи на ум дека даночната администрација пријавила дека една единствена ГО заработила половина од овој приход.

Вкупните приходи на ГО во Црна Гора претставуваат 0,58% од БДП[63] во Црна Гора за 2014 година.

Просечните приходи по ГО биле 6.027 евра, што е втор најнизок просек за земјите во овој извештај.

59 Според податоците од даночната администрација, една ГО известила за приходи од економски активности во сума од 1.586.023,00 евра. Бидејќи е ова невообичаено висока сума за ГО, ЦРНВО побара дополнителни информации и објаснувања од даночната администрација, но сè уште чекаше официјален одговор кога се објави овој извештај.

60 Според податоците од даночната админустрација, една ГО известила за приходи од економски активности во сума од 1.586.023,00 евра. Бидејќи е ова невообичаено висока сума за ГО, ЦРНВО побара дополнителни информации и објаснувања од даночната администрација, но сè уште чекаше официјален одговор кога се објави овој извештај.

61 Според даночната администрација, податоците се од 8 дептември 2015 година. Меѓутоа, податоците се однесуваат само на вработените кои во насловот го имаат зборот „невладини“. Затоа, реалниот број на вработени во непрофитниот сектор е веројатно повисок.

62 http://monstat.org/userfiles/file/ars/2015/1/Saopstenje%20-%20ARS%20I%20KVARTAL%202015%20konacno.pdf

63 http://countryeconomy.com/gdp/Црна Гора

## Структура на расходите за ГО, 2014

Вкупните расходи за даноци и придонеси биле 2.412.945,79 евра. Бидејќи нема податоци за вкупните расходи[64], невозможно е да се дадат интерпретации и/или врски со други цифри.

Не е јасно зошто некои податоци не се достапни, бидејќи тие се дел од „пакетот“. На пример, кога се даваат податоци за вкупните приходи, треба да се дадат и оние за вкупните расходи, бидејќи и тие се вадат од истите финансиски извештаи. Ако расходите за даноци и придонеси се достапни, логично е да има податоци и за бројот на вработени, бидејќи овие податоци се директно поврзани (даноците и придонесите се собираат по вработен).

За бројот на вработени во граѓанскиот сектор има само провизорни податоци. Имено, даночната администрација извести дека има 776 вработени во септември 2015 година. Пресметката е направена врз основа на насловите на вработените (на пример, оние кои го имаат зборот „невладин“ во имињата). Имајќи на ум дека не е обврзно да стои зборот „невладин“ во насловот на организацијата, може да се пресмета дека веројатно има повеќе вработени во граѓанскиот сектор отколку што се пријавува од страна на даночната администрација.

Вработените кои работат во непрофитниот сектор претставуваат 0,37% од вкупниот број на вработени во Црна Гора.

Не се собираат податоци за доброволната работа.

## Препораки за Црна Гора

- ГО треба да ги истражат потенцијалните извори на податоци во државните институции кои би биле дополнителни на трите веќе споменати институции/ тела кои даваат податоци за ГО;
- Користење на веќе постоечките механизми да се влијае на собирањети податоци, нивната анализа и презентирање (лица за контакт за НВО, статистички совет);
- Истражување на можностите за разликување на граѓанскиот сектор од другите преку класификации, броеви на даночни обврзници, или единствени матични броеви, залагање за редовно објавување на основните економски податоци за непрофитниот сектор, бидејќи овие податоци веќе се собираат од страна на релаванти тела (вкупни приходи со детална структура, вкупни расходи со детална структура, збирни податоци за вработувањата во секторот - вкупен број на вработени и по вид на договор, просечни плати итн.);
- Особено внимание треба да се посвети на бесплатна достапност на овие податоци, како јавен документ, достапен за симнување од интернет-страниците на различни институции. Понатаму, ако сите овие податоци се стават во еден документ, тоа би било значителен чекор напред кон презентирањето на економските податоци за секторот;
- Стратешките документи кои ја препознаваат важноста на потребата за систематско собирање податоци, нивното објавување и анализа треба да се користат како алатка за застапување за достапност на податоците (Стратегија за развој на невладините организации во Црна Гора 2014-2016, Акциски план за Аквисот на ЕУ, Поглавје 23);

64 До објавувањето на овој извештај нема добиено официјални информации.

- Потребно е систематско собирање податоци за волонтерската работа, како и подготовка на методологија за пресметка на паричната вредност на доброволната работа и нејзиниот придонес кон БДП.

# Србија

## Состојба со собирањето податоци

Состојбата со собирањето податоци во Србија е полна со предизвици, што се потврди и со подготовката на нацрт-планот за набљудување и евалуација (M&E) на Националната стратегија за создавање овозможувачка околина за развој на граѓанското општество 2016-2020.[65] Овој документ е подготвен како интегрален дел од стратегијата со цел да се воспостави систем за M&E. Спроведена е студија за да се соберат достапните податоци за непрофитниот сектор. Од почеток се гледаше дека, за разлика од многу други области каде што примарниот и доминантен извор на информации собрани преку редовни статистички прегледи на Заводот за статистика на Република Србија (СОРС), работата на ГО не е опфатена во ниеден преглед на СОРС. Податоците за ГО најмногу се собираат од страна на Српската агенција за стопански регистри (АПР). Некои податоци се раштркани кај различни институции или се собираат со спорадични истражувања спроведени од страна на неколку институции и/или ГО.

Ова може делумно да се објасни со фактот дека АПР е законски обврзана да ги регистрира ГО и нивните финансиски извештаи, така собирајќи основни податоци за големината и опфатот на секторот. Освен ова, непрофитниот сектор во Србија е релативно млад и 50% од ГО се регистрирани од 2010 година и опфаќаат различни области и теми, се занимаваат со различни целни групи, со различни активности кои не се ни класифицирани ниту стандардизирани и заради сево ова собирањето податоци е потешко.

Истовремено, подготовката на студијата откри дека некои податоци се собираат на редовна основа, но не се обработуваат и не се објавуваат во јавноста. На пример, Пензискиот фонд на Србија собира витални информации за лицата кои се вклучени во ГО (без оглед на договорот), социјалните придонеси и годините на работа во ГО. Меѓутоа, овие податоци никогаш не се презентирале пред студијата. Од друга страна, некои податоци кои се од витална важност за секторот, не постојат (на пример, за доброволна работа и неформално образование).

Целиот процес на горенаведената подготовка на M&E беше активност која овозможи процена на состојбата со собирањето податоци поврзани со ГО, па така се создаде почетна точка за идно систематско собирање податоци и анализа на непрофитнито сектор во Србија. Ова ќе бара понатамошен развој и модифицирање на постоечките системи на собирање податоци, или преку различни институции, преку редовни годишни статистички прегледи или преку вклучување поединечни ГО.

Во однос на достапноста, клучните збирни податоци за ГО се достапни до јавноста на интернет-страницата на АПР, која издава годишен извештај за работата на непрофитните

65 Нацрт-стратегијата треба да се донесе од страна владата до крајот на 2015 година.

институции[66]. Овој извештај содржи податоци за вкупните приходи и расходи на ГО. Меѓутоа, не е структуриран на начин кој е приспособен на природата на финансиите на ГО. Ако се бараат конкретни и подетални податоци, на АПР треба да ѝ се плати одреден надоместок. Ако податоци бараат државни институции, тогаш тие се достапни бесплатно од секоја инстутција која собира податоци.

## Клучни економски податоци за непрофитниот сектор во Србија

| | |
|---|---|
| Население (Попис на населението 2011[67]) | 7.186.862 |
| Број на ГО (здруженија: 22.838; фондации и фондови: 556)[68] | 23.394 |
| Број на жители по 1 ГО | 307 |

| **Податоци за економските показатели Србија (2013)** | | | |
|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | Здруженија | Фондации и фондови |
| БДП[69] | 34.263.000.000 | | |
| % на приходи на ГО во БДП | 0,74% | | |
| Вкупно приходи на ГО | 254.713.543 | 222.195.480 | 32.518.063 |
| Приходи од работење | 244.199.250 | 213.209.747 | 30.989.503 |
| Финансиски приходи | 5.096.108 | 4.117.888 | 978.220 |
| Други приходи | 5.349.145 | 4.801.178 | 547.967 |
| Нето-добивка од бизниси кои се затвораат | 69.040 | 66.667 | 2.373 |
| Вкупни расходи на ГО | 247.615.305 | 215.451.510 | 32.163.796 |
| Расходи за работење | 227.093.089 | 199.289.206 | 27.803.883 |
| Финансиски расходи | 2.836.640 | 2.319.825 | 516.815 |
| Други расходи | 17.232.574 | 13.389.921 | 3.842.653 |
| Нето-загуби на бизниси кои се затвораат | 453.002 | 452.557 | 445 |
| Расходи за приоднеси на вработени и лица по договор | 8.580.129 | 7.740.666 | 839.463 |
| Расходи за даноци за одреден период | 689.572 | 601.475 | 88.098 |

66 http://www.apr.gov.rs/LinkClick.aspx?fileticket=cTuqyulHs_4%3d&tabid=286&portalid=0&mid=1717

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на вработени во ГО | 6.729 | 6.170 | 559 |
| Вкупен број на вработени во државата[70] | 1.715.164 | | |
| % на вработени во ГО во вкупниот број вработени | 0,39% | 0,36% | 0,03% |
| Број на волонтери | N/A | N/A | N/A |
| Просечна плата по ГО (бруто) | 591 | 454 | 728 |
| | | | Девизен курс: 1 EUR = 114,6 RSD |

Според АПР,[71] во моментов има 26.731 ГО, од кои 26.076 се здруженија, а 655 фондации и фондови. Меѓутоа, финансиските податоци во овој извештај ја покриваат 2013 година, бидејќи податоците за 2014 година сè уште не се достапни. Затоа, извештајот оперира со бројот на ГО од истата година. Во 2013 година имало 23.394 ГО во Србија, од кои 22.838 биле здруженија (97,6%), а 556 фондации и фондови (2,4%).

## Структура на приходите на ГО, 2013

Фондациите/ фондовите и здруженијата се предмет на различна легислатива и регулирани се од страна на различни министерства. Меѓутоа, АПР е задолжена и за двата вида правни лица во однос на регистрацијата и собирањето податоци за нивниот статус и финансии. Додека на здруженијата и фондациите не им треба никаков имот/ капитал за право да се регистрираат, за основање фонд потребен е основен имот/ капитал (во противредност од 30.000 евра). Понатаму, има законско барање да се зачува овој имот/ капитал.

67 http://webrzs.stat.gov.rs/WebSite/userFiles/file/Aktuelnosti/StatGod2015.pdf

68 http://www.apr.gov.rs/

69 http://countryeconomy.com/gdp/Србија

70 Годишен просек за 2013 година: 635%3d6%262%3d%23last%233%2633%3d0%2c1%2c2%2623%3d0%2c2%26sAreaId %3d240201%26dType%3dName%26lType%3dSer

71 http://www.apr.gov.rs/eng/Home.aspx




Од вкупните приходи на ГО во 2013 година, здруженијата имаат околу 87%, а фондациите и фондовите само околу 13%, што е последица на многу малиот број фондации/ фондови во Србија, од кои 40% се основани во последните пет години.




Според АПР, 76% од вкупниот број ГО поднеле завршни сметки за 2013 година. Нивните вкупни приходи за 2013 годиан биле 254.713.543 евра, од кои приходите од работење изнесуваат 96%, додека останатите 4% се подеднакво поделени меѓу финансиските приходи и други приходи. Структурата на приходи меѓу здруженијата и фондациите/ фондовите е скоро еднаква, иако не е толку детална за да ги покаже специфичните карактеристики на ГО.

Вкупните приходи на ГО во Србија претставуваат 0,74% од српскиот БДП за 2013 година.

Просечните приходи по ГО за 2013 година изнесувале 10.888 евра. Меѓутоа, важно е да се нагласи разликата во просекот меѓу здруженијата (9.781 ЕУР) и фондациите (58.486 ЕУР). Ако просекот се пресметува врз основа на бројот на ГО кои поднеле финансиски извештаи, тогаш просекот е малку повисок: 14.353 евра за ГО, 12.841 евра за здруженијата и 73.570 евра за фондациите.

Како што е веќе објаснето, структурата на приходите која е претставена во збирниот извештај на СБРА не ги одразува во детали карактеристиките на непрофитниот сектор. На пример, не е видливо кој дел доаѓа од грантови и донации, а кој дел доаѓа од членарина.

## Структура на расходите на ГО, 2013




Вкупните расходи за граѓанскиот сектор во Србија биле 247.615.305 евра, во кои расходите за работење се 92% од вкупната сума. Фнансиските расходи се 1%, а другите расходи се 7% од вкупната сума. Просечните расходи по ГО се 9.508 евра. Расходите за придонеси за вработени и лица по договор се 8.580.129 евра, што претставува 3,5% од вкупните расходи на ГО. Повторно, структурата на расходите во извештајот не е дадена во детали.




Податоците на АПР покажуваат дека просечниот број на вработени во ГО во Србија на крајот на секој месец во 2013 година бил 6.729 (полно работно време), од кои 92% работеле во здруженија, а само 8% во фондации/ фондови. Оваа цифра претставува само 0,39% од вкупниот број вработени лица во Србија истата година. Имало просек од 0,29 лица со полно работно време по ГО, со 0,27 вработени по здружение и 1,01 по фондација/ фондови.

Има повеќе луѓе ангажирани во ГО преку различни видови договори што не се вработени со полно работно време, како по авторски договори или договори за услуги. Ова го удвојува бројот на реалните вработувања во граѓанскиот сектор. Ова го потврдуваат податоците од Пензискиот фонд, кои покажуваат дека имало 14.296 лица вработени во ГО во Србија во 2013 година, преку различни видови договори, што претставува 0,83% од вкупните вработувања таа година.

Во однос на податоците за волонтерската работа, нема систематски, сеопфатни податоци за бројот на волонтерите, нивните часови работа и паричната вредност. Некои податоци се собираат од страна на Министерството за труд, вработување, ветерани и социјални прашања, како што е одредено со Законот за волонтерство (кој ги регистрира организациите на волонтери, волонтерите, бара извештаи од организаторите итн.). Меѓутоа, овие податоци не се веродостојни, бидејќи повеќето ГО не ги поднесуваат тие извештаи/ информации. На пример, податоците на Министерството покажуваат дека има 1.166 регистрирани волонтери во 2014 година, додека најновото истражување од 2011[72] година покажува дека во Србија има повеќе од 150.000 активни волонтери.

## Препораки за Србија

- Спроведување на националната стратегија која треба да се донесе и планот за M&E – ГО треба да инсистираат на собирање податоци, обработка и објавување како што е предвидено во овие документи. Ова бара подготовка на неколку насочени кампањи за застапување кои се поврзани со различни поглавја опфатени со националаната стратегија;
- Посебен фокус на обезбедување транспарентни и детални податоци за финансиските показатели на непрофитниот сектор и нивно подетално објавување, отколку што е случај сега (детална структура на приходи и расходи по здружение и фондација/ фонд);
- Потребно е систематско собирање податоци за волонтерската работа, како и подготовка на методологија за пресметка на паричната вредност на волонтерската работа и нејзиниот придонес кон БДП.

72 Процена на состојбите во граѓанскиот сектор, септември 2011; Граѓански иницијативи во соработка со Канцеларијата за соработка со граѓанското општество.

# Турција

## Состојба со собирањето податоци

Според Извештајот на матрицата за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанскиот сектор за 2014 за Турција,[73] фондациите и здруженијата се предмет на различна легислатива и се регулирани од страна на различни јавни агенции. Заедно со своите административни должности и улоги на насочувачи, Одделението за здруженија (ДоА) и Генералниот директорат за фондации (ГДоФ) се двете државни институции задолжени за собирање податоци за ГО и водење статистика. И покрај некои скорешни обиди отворено да се сподели генерална статистика за здруженија и фондации, статистиката за ГО сè уште не е интегрирана во програмата на официјалната статистика која ја води Турскиот статистички институт. Здруженијата и фондациите со закон се обврзани да обезбедат ажурирани податоци во своите годишни известувања до ДоА и ГДоФ. Меѓутоа, квантитетот и квалитетот на информациите и статистиката која јавно ја споделуваат овие државни органи на своите интернет-страници не се доволни.

Во процесот на спроведување на е-влада во Турција, ДоА започна да собира податоци за непрофитните организации преку ДЕБРИС, информативен систем за здруженијата кој стана оперативен на 18 февруари 2013 година. Оттогаш, повеќе од половина од здруженијата поднесоа свои профили во базата на податоци на системот и ги поднесоа своите годишни завршни сметки преку интернет. Претходно, во сите случаи, податоците не се споделуваа со јавноста. Податоците за доброволците се собираа годишно од страна на ДоА и ГДоФ. Додека ГДоФ ги објавуваша податоците, ДоА не ги објавуваше/ споделуваше податоците. Од 2014 година, ДоА обезбедува пристап до подетални податоци за здруженијата кои претходно не биле достапни.

Во практика, се чини дека има удвојување во податоците кои се даваат на различни државни органи, што може да биде дополнителен товар на ГО. На пример, сите здруженија и фондации мораат да обезбедуваат документи на даночните органи за структурата на приходите/ расходите, освен податоците кои ги собира ДоА и ГДоФ. Слично на ова, податоците за вработените се собираат на годишно ниво од страна на ДоА и ГДоФ, како и од Министерството за труд и социјална сигурност, кои ги имаат сите податоци за вработените.

Дел од податоците кои се даваат во овој извештај сè уште не се јавни, затоа треба да се сметаат за прелиминарни. ТУСЕВ ги собра овие податоци преку работната група на ЕУ која е формирана во 2013 година за да работи на насоките на ЕУ за граѓанско општество. Овие податоци се одразуваат на бројот на доброволците, бројот на вработените во здруженијата со цело работно време, изворите на приходи за здруженијата и бројот на казни кои здруженијата ги добиле.

73 http://monitoringmatrix.net/monitoring-matrix/civil-society-and-civil-society-development-in-Турција-2014/

Освен ова, форматот на информации кои ги даваат јавните институции не е стандардизиран. На пример, ГДоФ ги собира сите статистички информации врзани за фондациите во еден ПДФ-доумент и ги ставаат на своите интернет-страници, што е тешко да се користи за истражување.

Понатаму, Законот за право на информации (бр. 4982, 9/10/2003) одредува некои ограничувања за пристапот до информации. Најважниот проблем во постечката легислатива е дека им дава на државните институции право да не објавуваат информации ако информациите кои се бараат - (1) бараат дополнителни истражувања и работа, (2) се сметаат за „државна тајна", (3) би ја загрозиле „националната безбедност" или „економските придобивки за државата" или (4) се поврзани со внатрешните работи на државната институција и немаат карактер на јавен интерес. Концептите, како државна тајна, национална безбедност или економски придобивки за државата не се дефинирани во правна рамка, па затоа државните институции имаат право на интерпретација и дискрециски права. Како илустрација, во 2014 година ТУСЕВ прати 20 оддлени барања до релеванти министерства за пристап до јавни информации за односите на министерствата со ГО. Како одговор на ова, 16 министерства одговорија, а 4 од 16 одбија да дадат информации врз основа на тоа дека е потребно повеќе истражување (повикувајќи се на своите права според членовите 7 и 12 на Законот за право на информации), а 4 министерства воопшто не одговорија на барањата за инфромации. Министерствата користат различни интернет-апликации во однос на барањата според Законот за право на информации. Додека некои од овие апликативни системи на интернет се лесни за користење, некои се недоволни.[74]

74 За повеќе информации, погледнете ги процените и препораките дадени на состанокот на фокус-групата за практики поврзани со правото на информации, одржан во јануари 2014 година.

# Клучни економски податоци за непрофитниот сектор во Турција

| | | | |
|---|---|---|---|
| Население (2013) | 76.667.864 | | |
| Број на ГО во 2013 година: (97.970 здруженија и 4.757 фондации)[75] | 102.727 | | |
| Број на жители по 1 ГО | 746 | | |
| Податоци за економските показатели во Турција (2013) | | | |
| | ВКУПНО | Здруженија | Фондации |
| БДП[76] | 616.345.000.000 | | |
| % на приходи на ГО во БДП | 1,34 | | |
| Вкупни приходи на ГО | 8.282.157.668 | 3.042.800.238 | 5.239.357.430 |
| Структура на приходите | | | |
| Странски донации | 99.937.971 | 53.351.626 | 46.586.345 |
| Членарина | 1.242.954.528 | 281.107.138 | 961.847.390 |
| Јавни фондови | 700.129.748 | 148.322.519 | 551.807.229 |
| Донации | 2.852.556.908 | 1.265.006.707 | 1.587.550.201 |
| Заработка од економски активности | 143.919.981 | 79.662.953 | 64.257.028 |
| Финансиска заработка | 994.752.282 | 175.475.173 | 819.277.108 |
| Други приходи | 2.178.486.458 | 970.454.329 | 1.208.032.129 |
| Заработка од кирија | 69.419.792 | 69.419.792 | |
| Вкупни расходи на ГО | 4.916.022.161 | 2.561.770.347 | 2.354.251.814 |
| Структура на расходите | | | |
| Расходи | 966.564.472 | 713.537.088 | 253.027.385 |
| Расходи за вработени | 761.830.594 | 448.959.578 | 312.871.016 |
| Расходи за исполнување на целите на фондациите | 2.873.008.082 | 1.084.654.669 | 1.788.353.414 |
| Други расходи | 314.619.012 | 314.619.012 | |
| Расходи за даноци (ДДВ + персонален данок + добивка) | N/A | | |
| Број на работени во ГО | 50.976 | 33.783 | 17.193 |
| Вкупен број на вработени во државата | 25.933.000[78] | | |
| % на вработени во ГО во вкупниот број вработени | 0,20% | 0,13% | 0,07% |
| Број на волонтери | 1.183.435 | 75.608 | 1.107.827[79] |
| | | | Девизен курс: 1 EUR = 2,87 TL |

Вкупниот број на ГО во Труција во 2013 година бил 102.727, со 97.970 здруженија (95%) и 4.757 фондации (5%).

Законите за фондации и здруженија малку се разликуваат, структурата на приходите различно се дефинира. Затоа, податоците во овој извештај се даваат одделно за двата вида ГО, таму каде што е соодветно.

## Структура на приходите на ГО, 2013

Фондациите и здруженијата се предмет на различни закони и ги регулираат различни државни агенции. ДоА и ГДоФ се највисоките државни органи задолжени за здруженија и фондации во Турција. Наспроти здруженијата, потребен е минимален капитал да се основа фондација.

За да се основа фондација, треба да се одделат средства (сите видови недвижен и движен имот, вклучувајќи готовина, хартии од вредност и права кои имаат економска вредност) за конкретните цели на фондацијата, ГДоФ ја одредува минималната вредност на капиталот кој е потребен да се основа една фондација на годишна основа. Во моментов, минималната вредност на фондот за фондација е 20.000 евра. За статус на јавно добро ослободено од даноци, ова е околу 300.000 евра. Од фондациите не се бара да го зачуваат капиталот, но не се поттикнуваат ни да го потрошат капиталот.80




Од вкупните приходи на ГО за 2013 година, фондациите покриваат 63%, а здруженијата 37%. Како што е објаснето погоре, заради бараниот минимален капитал за да се основаат фондации,

75 Извор: Одделени за здруженија и Директорат за фондации

76 http://countryeconomy.com/gdp/Turkey

77 http://www.turkstat.gov.tr/UstMenu.do?metod=temelist

78 http://www.turkstat.gov.tr/UstMenu.do?metod=temelist

79 Овој број не е сигурен бидејќи се заснова на изјавите на фондациите. Друго прашање е отсуството на дефиниција за доброволна работа – некои фондации ги пријавуваат своите донатори како доброволци.

80 Извештај на ЕФЦ: http://www.tusev.org.tr/usrfiles/files/Comparative_Highlights_of_Foundation_Laws.pdf

вкупните приходи на фондациите се многу поголеми од приходите на здруженијата, иако бројот на здруженија значително го надминува бројот на фондациите.

## Структура на приходите на ГО во 2013 година, во проценти




Во однос на вкупната структура на приходите, малку повеќе од една третина (34%) се однесува на донации, а по нив доаѓаат други приходи[81] (26%), членарина (15%), финансиски заработки (12%) и државни фондови (8%). Многу ограниченичи фондови доаѓаат од економска активност (2%), странски донации (1%) и кирија (1%).

Разликата во структурата на приходи меѓу фондациите и здруженијата е јасно видлива. Најголемиот дел на приходите на здруженијата доаѓа од донации (42% домашни и 2% странски донации). Најголем дел од приходите на фондациите исто така доаѓа од донации (донации 30% и 1% странски донации), но е помалку од една третина од вкупните приходи на фондациите. Една третина од приходите на здруженијата доаѓа од „други приходи" (32%), додека други приходи опфаќа 23% од приходите на фондациите. Интересно е дека 18% од приходите на фондациите се од членарина, додека само 9% од приходите на здруженијата доаѓаат од овие извори.

Просечните приходи на здруженијата се 31.058 евра, додека просечните приходи на фондациите се 1.101.400 евра.

Вкупните приходи на ГО претставуваат 1,34% од БДП[82] во Турција за 2013 година, што е највисоко меѓу државите опфатени со овој извештај.

81 Нема информации за тоа што се подразбира под „други приходи".

82 http://countryeconomy.com/gdp/Turkey

## Структура на расходите на ГО, 2013




Фондациите учествуваат со 48% во вкупните расходи, додека здруженијата со 52%. Во 2013 година, здруженијата потрошиле 84% од своите вкупни приходи, додека фондациите потрошиле 45% од своите вкупни приходи. Ова е веројатно заради фактот што се бара минимален капитал за да се основа фондација. Иако нема барања да се задржи овој капитал, не се поттикнуваат ни да го потрошат.

## Структура на расходите на ГО, 2013, во проценти




На ниво на вкупните расходи на ГО, поголемиот дел (58%) оди на расходи кон исполнување на целта на организацијата. Една петтина (20%) се однесува на „расходи",[83] додека15% одат на расходи за вработени, а 6% на други расходи. Повторно, има видлива разлика во структурата

83 Нема информации за тоа што се подразбира под „расходи".

на расходи меѓу фондациите и здруженијата. Повеќе од три четвртини (76%) од расходите на фондациите одат за исполнување на нивната цел, 13% одат на расходи за вработени и 11% одат на „расходи“. Истовремено, повеќето од расходите на здруженијата одат на исполнување на целите, иако помалку од половината од вкупните расходи (42%), по кои доаѓаат „расходи“ (28%), а потоа расходи за вработените (18%) и 12% за „други расходи“. Кога оваа цифра ќе се комбинира со информациите за просечниот број вработени по вид на ГО (види податоци подолу во следниот графикон), се гледа проблемот со недостатокот на човечки ресурси во здруженијата.




И покрај фактот што вкупните приходи и просечните расходи за вработените се многу поголеми во фондациите, вкупниот број вработени е двојно поголем во здруженијата. Две третини (66%) од вработените работат во здруженија, а една третина (34%) во фондации. Меѓутоа, иако има значителна разлика во бројот на здруженија и фондации, важно е да се нагласи дека просечниот број вработени во едно здружение е 0,34, додека просечниот број вработени во една фондација е 3,61.

## Учество во вкупниот број вработени (%), 2013




Уделот во вкупниот број вработени е 0,20%, што е најнизок удел од сите опфатени држави, иако процентот на вкупните приходи на ГО во Труција е највисок ако се спореди со другите држави. Вработените во здруженијата учествуваат со 0,13%, а оние во фондациите со 0,07% од вкупниот број вработени во Турција во 2013 година.

Турција е единствената држава (меѓу оние опфатени со овој извештај) која собира податоци за волонтери на посистематски начин. Од вкупниот број, 94% од волонтерите се ангажирани во фондации, а само 6% во здруженија. Меѓутоа, како што веќе е објаснето, податоците не се целосно сигурни, бидејќи нема официјална дефиниција за волонтерска работа, а некои фондации, на пример, ги пријавуваат своите донатори како волонтери.

## Препораки за Турција

- Потребна е поголема интеграција на статистиката за ГО во официјалните статистички програми кои ги има Турскиот статистички институт. Ова ги вклучува и податоците кои ги даваат ДоА и ГДоФ што треба да се инкорпорираат во националниот статистички систем, па така да го зголемат квантитетот и квалитетот на податоците за ГО кои се достапни за јавноста и да се избегне удвојување;
- Државните институции треба да подготват прирачници да се водат ГО во процесот на известување, за да се добијат квалитетни податоци за ГО;
- Редовно објавување на основните економски податоци за непрофитниот сектор, бидејќи овие податоци веќе се собираат од страна на релевантни тела (вкупните приходи со детална структура, вкупните расходи со детална структура, збирни податоци за вработувањето со секторот, вкупниот број на вработени и по вид на договор, просечни плати итн.);
- За ГО треба да се подготват посебни сметководствени стандарди, лесни за користење;
- Обезбедените податоци треба да бидат во таков формат кој е лесно достапен и читлив (податоцте кои ги даваат државните институции се најчесто во ПДФ кој не се пренесува лесно во истражување);
- Брзо спроведување на Законот за право на информации, вклучително и донесување посебни мерки за владините агенции и стандардни интернет-апликации за државните институции за да се олесни процесот. Треба понатаму да се проследат конкретните препораки подготвени на средбата на Фокус-групата за практики поврзани со правото на информации (одржана во јануари 2014 година);
- Содржината на сите интернет-страници на релевантните државни институции треба да се стандардизира за да се обезбедат сеопфатни и ажурирани информации;
- Воспоставување дефиниција за волонтерската работа, која треба да ја елиминира конфузијата во веќе постоечкото системско собирање податоци. Потребен е развој на методологија за пресметка на паричната вредност на волонтерската работа и нејзиниот придонес кон БДП.

# Анекси

## Анекс 1. Статистички податоци – Економска вредност на непрофитниот сектор – прв нацрт

*Држава:* ______________________________

| Бр. | Податоци за економски показатели | Постоечки (Да/Не) | Ако ДА (постоечки) кој собира податоци85 | Ако ДА, податоците се објавени/достапни | | Време на објавувањето |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | автоматски | по барање | |
| 1 | Вкупни приходи | | | | | |
| 2 | Учество во БДП | | | | | |
| 3 | Структура на приходи | | | | | |
| 4 | Опфат на ГО по големина на приходи | | | | | |
| 5 | Првите 10 по приходи | | | | | |
| 6 | Вкупни расходи | | | | | |
| 7 | Структура на расходи | | | | | |
| 8 | Расходи за вработени | | | | | |
| 9 | Расходи за хонорари | | | | | |
| 10 | Расходи за ДДВ | | | | | |
| 11 | Расходи за даноци | | | | | |
| 12 | Број на вработени | | | | | |
| 13 | Првите 10 по број на вработени | | | | | |
| 14 | Учество во вкупната работна сила (5) | | | | | |
| 15 | Просечна плата (нето/бруто) | | | | | |
| 16 | Број на волонтери | | | | | |
| 17 | Број на часови волонтерска работа | | | | | |
| 18 | Вредност на волонтерската работа | | | | | |
| 19 | Регистрирана економска активност | | | | | |

# Анекс 2. Статистички податоци – Економска вредност на непрофитниот сектор – конечно

| Бр. | Податоци за економски показатели | Име на државата (година кога се презентирани/добиени) податоците |
|---|---|---|
| 1. | Вкупни приходи | |
| 2. | Структура на приходите | |
| 3. | Вкупни расходи | |
| 4. | Структура на расходите | |
| 5. | Расходи за даноци<br>(ДДВ+персонален данок + добивка) | |
| 6. | Број на вработени | |
| 7. | Број на волонтери | |

84 На пр. Завод за статистика, Централен регистар, суд, министерство, Управа за јавни приходи

85 Може да се комбинира со неплатена работа (вредност на доброволната работа)

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

061.2:330.13(497-15+560)(047)

ВЕЛАТ, Дубравка
Извештај за економската вредност на непрофитниот сектор во земјите од Западен Балкан и Турција / [автор Дубравка Велат = превод од англиски јазик Елизабета Баковска]. - Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка, 2016. - 63 стр. : илустр. ; 30 см. - (Балкански граѓански практики ; 13)

Превод на делото: Report on the economic value of the non-profit sector in the countries of the Western Balkans & Turkey. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4681-46-5

а) Непрофитни организации - Економска вредност - Западен Балкан - Турција - Извештаи

COBISS.MK-ID 100366346

B | T | D The Balkan Trust for Democracy

A PROJECT OF THE GERMAN MARSHALL FUND

Оваа публикација е подготвена со помош на Европската Унија и БТД. Содржината на публикацијата е одговорност на самите автори и на ниеден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија или БТД. IPA Balkan CS Acquis, Зајакнување на потенцијалот и капацитетите на ГО за застапување и набљудување.

BALKAN CIVIL SOCIETY DEVELOPMENT NETWORK

Илина Нешиќ, раководител на проектот, Балканска мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН), ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“, 39/II-21000 Скопје, Македонија, тел.: + 389 (0)2 614 42 11. е-пошта: ins@balkancsd.net; executiveoffice@balkancsd.net, интернет-страница: www.balkancsd.net

BALKAN
CIVIL
SOCIETY
DEVELOPMENT
NETWORK

B | T | D The Balkan Trust for Democracy
A PROJECT OF THE GERMAN MARSHALL FUND

Балкански граѓански
практики #13









# ИЗВЕШТАЈ ЗА ЕКОНОМСКАТА ВРЕДНОСТ НА НЕПРОФИТНИОТ СЕКОР ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА